**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Триесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 јули 2003 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на РМ, со почеток во 10,40 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г-ѓа Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на РМ.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Триесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Неждет Мустафа, Ангелка Пеева - Лауренчиќ, Рафет Муминовиќ, Трифун Костовски, Аднан Ќахил, Љубе Бошковски, Љубчо Георгиевски, Петар Наумовски, Илија Китановкси, Ванчо Стаменков, Никола Груевски, Сашко Ќедев, Ганка Самоиловска - Цветанова, Али Ахмети и Агрон Буџаку, ме известија дека од оправдани причини, не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

76 пратеници се присутни во салата.

Консттирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија г-дин Борис Трајковски и претседателот и членовите на Владата на РМ.

Владата на РМ, согласно член 172 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за трговскии друштва, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата овој закон да се донесе во скратени рокови на оваа седница.

Има збор претставникот на Министерството  за економија.

КУРТАЛИ САИТИ:

Со новиот член 292 се предлага решение во насока за заштита на малите акционери, особено акционерите вработени заради можни злоупотреби од страна на лица од кои се пренесуваат правата на акционери. Исто така, се избегнува склучување нови договори со продолжување на договори кои предизвикуваат негативни  импликации во управувањето и остварувањето на правата на малцинските акционери и акционери вработени.

Се предлага донесување по итна постапка заради тоа што се менува само еден член, така што времето истекува, а Владата предлага овој предлог на закон да се прифати.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Предлогот на Владата овој закон да се донесе во скратени рокови го с тавам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето)

Вкупно гласале 60 пратеници, од кои 52 за, 3 воздржано и 5 против.

Со оглед на тоа што веќе констатиравме дека имаме мнозинство потребно за работа на Собранието, констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на РМ, согласно член 172 од Деловникот на Собранието на РМ, предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за таксата за привремен престој, со Предлог на закон Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот Ви се доставени.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата овој закон  да се донесе во скратени рокови на оваа седница.

Има збор, заменикот на министерот за економија, г-динот Курали Саити.

КУРТАЛИ САИТИ:

Владата предлага таксата од 20 денари да се замени со 40,00 денари, бидејќи сега е сезоната на привремен престој.

Предлагаме оваа измена на законот да се прифати.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Предлогот на Владата овој закон да се донесе во скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(по гласањето)

Вкупно гласал 71 пратеник, од кои 52 за, 6 воздржано и 13 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Присутни се 83 пратеници.

Група од 16 пратеници предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на декларација за заштита и унапредување на правата на лицата со посебни потреби.

Предлогот на декларацијата Ви е доставен.

Молам, еден од предлагачите да ја образложи итната и неодложна потреба, Предлогот на декларацијата да биде разгледан на оваа седница.

Ќе си дозволам како пратеник да се обратам.

(потпртседателката Лилјана Поповска излегува на говорница).

Почитувани колеги пратеници,

оваа Предлог-декларација за правата на лицата со посебни потреби е предложено да оди по итна постапка поради тоа што во тек се повеќе активности и на ова Собрание, на пратеничката интерпартиска лоби група за лицата со посебни потреби. Значи во тек се повеќе активности на оваа лоби група, а исто така, во тек е и донесување на Конвенција за правата на овие лица  при обединетите нации, која понатаму ова Собрание ќе треба да ја ратификува.

Освен тоа, Собранието е во фаза кога усогласува повеќе свои закони и одредби со оние на меѓународно ниво и правиме усогласување со Европската регулатива.

Од сите тие причини, па и со оглед на тоа дека ова е година на хендикепирани лица, 2003 година, е прогласена на меѓународно ниво, сметам дека една ваква декалрација ќе ни овозможи како Собрание јасно да ја изразиме својата волја дека треба да пријдеме поионтензивно кон промена на законската регулатива, меѓутоа, и во менување на свеста во општеството воопшто за овие лица и за односот кон овие лица. Сметаме дека на овој начин, ќе се интензивираат и активностите на Владата и Собранието во насока на донесување на праведни и правични закони кои ќе одат во прилог на остварување на правата на лицата со посебни потреби.

Затоа, би ве молела, од името на колегите од речиси сите пратенички групи кои сме потпишани тука, да се усвои оваа декаларација да оди по итна постапка на денешната седница.

(Потпретседателката се враќа на претседавачкото место)

Предлогот на пратениците Предлогот на декларацијата да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(по гласањето)

Вкупно гласале 78 пратеници, од кои 76 за, и 2 воздржано.

Констирам дека предлогот на пратениците е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи итната и неодложна потреба. Предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Го повикувам претставникот на Владата да се произнесе.

Со оглед на тоа дека е одлука на Владата, предлогот Предлог-одлуката да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање .

Ве повикувам да гласаме.

(по гласањето)

Вкупно гласале 76 пратеници, од кои 64 за, 3 воздржано и 9 приотив.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Владата на РМ, предлага днвниот ред за оваа седница да се пополни со Предлог на закон за водни заедници.

Предлогот на законот Ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи итната и неодложна потреба Предлогот на законот да биде разгледан на оваа седница.

Го повикувам заменикот министер за земјоделтво, шумарство и водостопанство да даде образложение.

БЕСИР ЈАШАРИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани,

Денес предлагаме Предлогот на зџаконот за водни заедници да се стави како точка на дневен ред од следните причини.

Македонскиот проект за рехабилитација и преструктуирање на наводнувањето, што го финансира Светска банка, станал ефективен уште на 14 април 1998 година. Со оглед на тоа дека роковите за реформата се исполнети, од Светската банка при средбите но и во писмена форма се ставени забелешки за незадоволството од Проектот и Предлогот да се забрзаат реформите во водостопанство.

Бордот на директорите на Светската банка, најдоцна до 4 август 2003 година, што е и писмено потврдено, мора да има сигурни податоци за тоа дека Македонија ќе ги испочитува роковите и ќе ги донесе двата системски закони и тоа законот за водни заедници и законот за водостопанство, од кои првиот треба да се разгледува, според нивна сугестија и наше мислење, на оваа седница, за да покажеме подготвеност за продолжување на реформите и да овозможиме да се донесе одлука за продолжување на проектот за наредните две години.

Што се однесува до вториот закон за водостопанство, вчера ја мина владината процедура и ќе биде ставен во Собраниска процедура, што беше еден од условите за продолжување на овој проект. Додека законот што денес го предлагаме да се разгледа и да се усвои беше ставен во Собраниска процедура.

Значи, сосема на крај би кажал дека овој предлог за донесување на закон, што Собранието на седницата од 25.02 го усвои, предлагаме и овде образложуваме дека амандманите и забелешките на Комисијата за земјоделство, шумаррство и водостопанство, се надминати со последните пречки во врска со овој Предлог закон и затоа молиме да го поддржите предлогот денес да се стави на дневен ред.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Предлогот на Владата, предлогот на законот да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по глсањето)

Вкупно гласале 76 пратнеици, од кои 61 за, 3 воздржано и 12 против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниов дневен ред:

1. Предлог на закон за водни заедници;
2. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за девизно работење, со Предлог на закон.
3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за Народна банка на Република Македонија, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за банките, со Предлог на закон;
5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка, со Предлог на закон;
6. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за трговски друштва, со Предлог на закон;
7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за таксата за привремен престој, со Предлог на закон;
8. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на РМ и Владата на Република Црна гора за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, нелегалната трговија со наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори, нелегална миграција и други кривични дела, со Предлог на закон;
9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство на РМ, со Предлог на закон:
10. Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во Мировна операција во Авганистан;
11. Предлог за донесување на закон за приватизација на градежното земјиште;
12. Предлог на декларација за поддршка на повелбата за партнерство меѓу Република Македонија, Република Албанија, Република Хрватска и САД (Јадранска повелба);
13. Предлог на декларација за заштита и унапредување на правата на лицата со посебни потреби;
14. Предлог за именување претседател и членови на регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

Има збор г-динот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Со оглед на тоа што на оваа седница имаме 4 или 5 точки кои се нови и додадени на оваа седница, како пратеничка група би побарале тие да бидат ставени последни на дневниот ред и пред нив би побарале пауза од половина час или од еден час за да можеме да ги разгледаме и да донесеме став како пратеничка група.

Значи, нашата молба е да се измени редоследот на дневниот ред, со оглед на тоа што сега се ставени пет нови точки, од кои едната е одлука.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Овој предлог го ставам на гласање.

Значи, предлог е точките што беа денес предложени по итна постапка, или вкупно 5 точки, да бидаст ставени како последни, иако некои од тие точки г-дине Трајановски се на крајот од дневниот ред, така што донекаде вашиот предлог во стартот е исполнет.

Значи, дали се согласувате со Предлогот на г-динот Трајановски сите точки да бидат ставени како последни, Ве молам да гласаме.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласал 81 пратеник, од кои 68 се изјасниле за, 2 воздржано и 11 против.

Предлогот на г-динот Коце Трајановски е усвоен, со тоа што ќе треба да имаме нов распоред на точките на дневниот ред. Сите пет точки тогаш ќе бидат ставени на крајот од дневниот ред, а новиот дневен ред ќе ви биде доставен во текот на седницата, откако ќе ја започнеме.

Има збор г-динот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Излегов на говорница да побарам мојот предлог, за Законот за измена и дополнување на Законот за државјанство, да побарам да се стави на дневен ред, да се тргне од дневниот ред и да се стави на дненвиот ред на наредната седница на Собранието, што значи после одморите. Ова сакам на некој начин, ако ми дозволувате почитувана потпретседателке и да го објаснам.

Бидејќи законот што го предлагам беше во парламентарна постапка, меѓутоа, јас не стигнав во соодветните комисии да дискутирам и да зборувам во тие комисии во врска со овој закон, затоа што можеби со право нивните одлуки кои се земени порано, да не дебатирам за предлози за кои немам мислење од Владата, вака се најдов во состојба во Законодавно-правната комисија и Комисијата за одбрана и безбедност да примам сугестии од чкленовите на двете комисии, на претседателите на овие две комисии, бидејќи немаше мислење од Владата за овој предлог на закон.

Бидејќи денес се дебатира и сеуште нема мислење од Владата, тоа не значи дека не мже да се дебатира за овој закон, меѓутоа, јас тргнувам од тоа што е тука, од

тоа што е попрагматично и посериозно според мене. Најден пред дилема меѓу разговори и работа, искуството ми кажува дека е подобро да се определам за тоа што е работа. Значи да работиме. Зошто тоа го велам?

Јас знам ако остане на дневен ред овој закон денес или овој предлог, ќе се развие дебата, ќе се разговара, меѓутоа интуицијата ми кажува дека нема расположение кај повеќето парламентарци, овој закон да помине, значи да има позитивен епилог. Чувајќи го и поддржувајќи го епитетот на пратеник на една опозициона конструктивна партија, сакав денес да ве замолам ова да се стави на дневен ред на некоја идна седница затоа што, моите информации зборуваат дека има верзија која се подготвува во МВР, за овој закон, за измени и дополнување на Законот за државјанство во која верзија, на некој начин учествував и јас во еден разговор и на ниво на експерти и на ниво на та што значи оператива на МВР. Од таа средба, за која можам да речам дека беше доста конструктивна и од сугестиите, двостраните сугестии кои беа дадени, како да имам надеж дека е добро со овој предлог за измени и дополнувања на Законот за државјанство на РМ, да влеземе во конкуренција, јас и Парламентот со Владата и дефинитивно да дадам мој придонес, Парламентот да не се однесува инфериорно кон предлозите што ги дава Владата, туку да постигнеме степен на авторитет на Парламент и ние како пратеници да земеме за право, иако го имаме тоа право за предлагање на закони, меѓутоа искуството не учи дека многу поминуваат предлозите на пратениците. Бидејќи сме тргнале од податоците, меѓутоа и од оправданијата, кои се скоро исти со верзијата која се подготвува во МВР, значи од тоа што беше иницијатива на МНР и во октомври 1997 година и потпишувањето на Европската конвенција во Советот на Европа, од Владата во истата година, во ноември месец. За жал немавме чувство да живееме со доста отежнатата практика на апликација на овој закон односно на практикување на проблемите на граѓаните. Ние оваа конвенција сме ја ратификувале после пет години, во февруари 2002 година. Со надеж вакви пролонгирања да не се толерираат, и ова ќе го гледаме многу сериозно, како забелешка и како моја сугестија а јас се надевам на поддршката од сите пратеници и од позиција и од опозиција, почитувајќи ги сите конвенции и обврски земени од Советот на Европа, МВР и експертите кои на некој начин со години работат во тој правец, дефинитивно да кореспондираме со проблемите на граѓаните, секојдневните проблеми и да се има предвид спецификата на РМ, правејќи споредби со државите кои слично ги третираат проблемите на државјанството. Тогаш дозволете ми уште еднаш, во интерес на граѓаните, овој закон предложен од моја

страна, да влезе, реков, уште еднаш во конкуренција со предлогот кој е ветен и е кажано од Владата дека ќе биде на дневен ред на идната седница, после одморите и тогаш, во една споредба на овие два предлога, ние како пратеници ќе се определиме за тој што е подобар, а подобар е тој закон кој во овој случај им овозможува на граѓаните, на некој начин, во околности кои се поолеснителни и попрактични, да добијат државјанство на РМ. Затоа во оваа прилика го правам тоа што можам да го направам и правото што го имам според Деловникот, овој предлог на закон денес да го тргнеме од дневниот ред и да барам да се стави на дневен ред на некоја идна седница, веднаш по одморите.

ЉИЉАНА ПОПОВСКА:

Му благодарам на господинот Рамадани.

Значи Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија, со Предлог на закон е повлечен од дневниот ред.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот Дневен ред:

1. Пртедлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за девизно работење, со Предлог-закон;

2. Предлог  за донесувње на закон за изменување и дополнување на Законот за Народна банка на Република Македонија, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за банките на Република Македонија, со Предлог на закон;

4.  Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Црна Гора за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, нелегалната трговија со наркотични дроги психотропни супстанции и  прекусори, нелегална миграција и други кривични дела, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за приватизација на градежно земјиште;

7. Предлог на декларација за поддршка на Повелбата за партнерство меѓу Република Македонија, Република Албанија, Република Хрватска и САД (Јадранска декларација);

8. Предлог за именување претседател и членови на регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија;

9. Предлог на декларација за заштита и унапредување на правата на лицата со посебни потреби;

10. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за трговски друштва, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за таксата за привремен престој, со Предлог на закон;

12. Предлог на одлука за испраќање единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан;

13. Предлог на закон за водни заедници.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале вкупно 76 пратеници, за гасале 74, еден воздржан и еден против.

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Преминуваме на првата точка од дневниот ред - **Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за девизно работење, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за финансии, Петар Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Почитувани пратеници, дами и господа,

Неколку закони и тоа Законот за девизно работење, Законот за банки, Законот за Народната банка, ги доставме до вас со предлози за измени за да се унапреди натамошниот систем во оваа сфера, заради тоа што беа констатирани некои слабости кои беа опсервирани од повеќе стручни лица, а некои од нив беа опсервирани и заедно со мислењата на ММФ и Светската банка. Од тие причини имаме потреба до годишниот одмор да ги усвоиме. Се разбира со тоа не престанува работата на унапредуањето на овој исклучително важен сегмент од стопанскиот систем на земјата.

Законот за девизно работење е усвоен во октомври 2002 година.

Со потпишувањето на Спогодбата за асоцијација и стабилизација со ЕУ, Република Македонија се обврза на либерализирање на поодделни сегменти. Од

капиталната сметка, во првата фаза од стапувањето во сила на Спогодбата, дел од таа либерализација е извршена со Законот од 2002 година, меѓутоа одделни прашања не се изведени до крај.

Во делот на капиталните трансакции, едно исклучително важно прашање за што многу физички лица се интересираат по други основи, кога сакаат да купат, на пример недвижност од странство и по тој основ се соочуваат со одредбите од Законот за девизно работење.

Во недвижности, со постојното решение беше предвидено нерезидентите во странство да не можат да вложуваат во недвижен имот. Но, истовремено, бидејќи се потребни прецизни евиденции во врска со тоа, во досегашниот закон имавме решение евиденцијата да се води во Министерството за финансии, а бидќи знаете дека имаме конституирано централен регистер кој постојано ја унапредува својата работа, се специјализира за тоа, има добро софтверско решение. Сега со законот предлагаме една од измените да биде таму, да се пренесе комплетната евиденција во врска со регистарот на вложувањата во недвижности на резиденти и нерезиденти.

Второ, во Законот за девизно работење, во постојниот, се предвидува, во првата фаза од примената на Спогодбата, само банките да можат да вложуваат во странски хартии од вредност и тоа во хартии од вредност издадени или гарантирани од влади на држави, членки на ОЕЦД и од меѓународни финансиски институции, како и во други хартии од вредност кои поседуваат инвестициски рејтинг од страна на најмалку една покласна меѓународна рејтинг агенција, заради избегнување на ризикот и мошне претпазливи одредби во Законот.

Со овој предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за девизно работење, предвидуваме да се даде можност во првата фаза на примената на Спогодбата за асоцијација и стабилизација со ЕУ и Фондот за осигурување на депозити, осигурителните друштва, пензиските инвестициони фондови да вложуваат средства во странски хартии од вредност, но во согласност со односните закони што ги регулираат прашањата на Вондот за осигурување на депозити, на осигурителните друштва, на пензиските инвестициони фондови. Значи уште еден чекор на либеерализација на таканаречената капитална сметка, уште еден чекор плус, тој не е крајниот, но немаме потреба и има пречки и опасности да одиме до крај сега па одиме фаза по фаза.

Во член 21 од Законот за девизно работење утврдено е дека, тоа е третата измена што ја предлагаме, овластените банки можат на резидентите да им

одобруваат кредити во девизи, за плаќање на увоз на стоки и услуги, за финансирање на инвестициони работи во странство или за намирување на други тековни обврски кон странство, според услови утврдени од страна на НБМ. Значи девизни кредити можеа да добиваат само овие субјекти. И веднш може да падне во очи дека овие се привелигирани, а другите се во подредена положба. Меѓутоа има причина зошто прво овие, а зошто сега потоа прошируваме и на нешто друго.

Со предложената измена на Законот за девизно работење им се овозможува на банките, депонираните девизи да ги искористат за зголемување на нивниот кредитен потенцијал односно финансирање на кревката економија во државата, односно подобро искористување на прибраниот девизен потенцијал за домашната економија, наместо досегашното ниво на нивно селење во странство. Значи сега со овие измени, девизни кредити може да добиваат сите субјекти во стопанството, не само овие што маат работа со странство, увоз, иззоз, плаќања кон стртансто.

Четврто,со предложеното решение во Законот се предвидува, Народната банка како надлежна институција за одржување на стабилноста на домашната валута и надворешната ликвидност, непосредно да презема заштитини мерки, со што би се спречиле или ублажиле несаканите последици, а по преземените мерки да ја извести Владата на РМ. Ваква можност за преземање на заштитни мерки до шест месеци е предвидено со Спогодбата за стабилизација и асоцијација, со ЕУ, додека пак за период подолг од шест месеци, тогаш Народната банка е задолжена да ја консултира, да добие согласност од Владата и да ја извести ЕУ.

Значајна новина во овој закон е и прашањето во врска со надзорот. Се воведува обврска на банките кај кои се водат сметките на резидентите или нерезидентите, на писмено барање од инспекторот да му ја дадат на увид целокупната документација за нивно работење преку сметките, како можноста инспекторот да задржи и изнесе копии од документите. Државниот девизен инспекторат, според досегашните прописи имаше намалени можности да може да ја контролира работата на девизното работење. Со овие измени му ја зголемуваме можноста, контролната функција му се зајакнува, за да може да ги контролира работите од овој домен, а знаете дека тие се моне сензитивни и дека практиката покажува значајни злоупотреби на тој план.

Следна новина во делот на надзорот претставува воведувањето можност, во случаи кога обврзникот не ги отстранил неправилностите односно незаконитостите констатирани од инспекторот, обврзникот да се задолжи да уплати бескаматен

депозит на посебна сметка на Министерството за финансии. Тие пари ќе стојат до тогаш додека не ги отстрани проблемите кои ги констатира инспекторот.

Имајќи предвид дека со предложените измени и дополнувања на Законот за девизно работење се очекува значително подобрување на условите за работење на економските субјекти, како и зајакнување на мерките од делот на надзорот што ќе доведе до поголемо почитување на одредбите од Законот, предлагаме овој закон да биде усвоен на денешната седница. и бидејќи имаме информации во врска со одобрувањето на девизните кредити, од дискусиите во комисијата дека на тој начин можно е да се предизвикаат и определени штети преку некаков може неконтролиран одлив на девизи или  преку зголемување на ризикот за банките, преку евентуални курсни ризици,  ако настане промена на курсот на денарот и слично на тоа, ве уверувам дека тој факт сме го имале во вид, дискутиран е повеќе пати на стручно ниво, разговарано е меѓу нас со домашни стручни лица, консултирани се банките, консултирани се странски експерти и може да забележите дека во овој процес влегуваме прилично претпазливо, дека на Народната банка и оставаме простор со посебна одлука да го одмерува нивото, динамиката на влегувањето во овој процес на  одобрување на девизни кредити, за да не дојде до нарушување на девизниот пазар, да не се зголеми ризикот од враќање на овие кредити кај стопанските субјекти што земаат такви кредити, па преку нив пренесе низик на банките. Значи прилично внимателно.  Меѓутоа толкав потенцијал на неискористен депозит во вид на девизи, па чување во странство, во услови на вака сеуште високи каматни стапки, мислиме дека мораме да излеземе со вакво решение за да се изврши натамошен притисок врз намалување на каматните стапки и да се овозможи поголема кредитна база на банките за пласирање во стопанството.

Тоа е идејата во врска со ова прашање и мислиме дека е добра. Нашата замолница е да ги усвоите овие забелешки, односно овие измени на Законот за девизно работење.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има пратеникот Славе Арсовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Почитуван потпретседателке на Собрание, претставници на Влада, колеги пратеници, во суштина, од економска гледна точка ќе дадам подршка на сите закони,

кои ја регулираат материјата од економско-фиансиската сфера, се разбира, доколку се добри. Добро е што на дневен ред на оваа седница има повеќе такви законски проекти, за кои ние треба да дадеме своевиден придонес во нивно заокружување и донесување, кое ќе придонесе за успешно работење, пред се, на економските субјекти во нашата земја. Токму денешниов Предлог закон за измени и дополнувања на Законот за девизно работење, веднаш да истакнам дека истите измени во целост ќе ги пдоржам, бидејки истите се насочени во правец, како што истакна и министерот, во една поголема либерализација од сферата на девизното работење кај нас, што од друга страна ние како земја се обврзавме и со потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација со ЕУ, кое прашање и делумно се реши и со донесувањето на постојниот Закон за девизно работење од октомври 2002 година. Тогаш се постигна соодветно либерализирање, посебно на пооделни сметки од капиталната сметка во првата фаза од стапувањето на сила. Во делот на тие капитални трансакции, во суштина се работеше за дирекните инвестиции односно вложувањата во недвижностите.

Исто така, променит екои што се однесуваат во делот на самото регистрирање на овие вложувања, добро е што преминуваат тие обврски од Министерството за финансии, веројатно дека Централниот регистер за кој што расправавме и на минатата седница технички и кадровски е опремен, да ја преземе врз себе таа обврска за еден детален преглед на сите вакви вложувања.

Исто така, е за поздравување измената и тоа во насока на либерализација, каде досега во вложувањето на хартии во вредност во странство, истата можност ја имаа само соодветните банки, а сега се дава можност дека истите трансакции може да ги вршат и фондовите за осигурување на депозити, осигурителните друштва, пензискит еинвестициони фондови, се разбира, во склад со законската регулатива односно постојните законски решенија кои се однесуваат и го регулираат делокругот на работењето на овие измени.

Можеби, според мене, најсуштинската измена се однесува на членот 21, каде што сега со оваа измена коај што се прави досега како што беше предвидено овластените банки да доделуваат девизни кредити исклучиво на економските субјекти кај нас, кои што се занимаваат со увоз на стока од странство или пак финансирање на соодветни услуги или некои инвестиции во странство, со новата измена што се предлага се дава можност банките да имаат една многу поголема слобода, што е добро во една пазарна економија дека девизно кредитирање треба да се врши на сит еекономски субјекти во нашата земја, за да немаме една

таканаречена девизна дискриминација помеѓу економските субјекти кои што егзистираат во нашаа земја, што од друга страна, се разбира, ќе придонесе за нивно поуспешно работење, подобро искористување на девизниот потенцијал на нашите банки, а се разбира ако се има предвид и депозитите во банките се некаде 70% се во девизен потенцијал. Да речеме, во целост потпомогнување на тешката состојба во економијата во нашата земја, можеби и индирекно, министерот нешто напомна, ќе се придонесе и во намалување воопшто на каматните стапки, кои се постоечки, важечки во нашата земја. Секако, улогата на Народната банка што има регулирање на девизниот пазар и за одржување на стабилноста на домашната валута и надворешната ликвидност, останув апред се во правец на преземање на соодветни заштитни мерки, со што би се спречиле некои несакани последици на некои поголеми преливи или одливи на каптал на девизи и слично, што може да се предизвика и соодветна нерамнотежа.

Инаку, матичната комисија за финансирање и буџет, стана збор за ова прашање дали е моментот сега да има една таква либерализација по основ на девизното кредитирање на сите економски субјекти. Дискусијата можеби беше во насока дали е тој момент потребен или треба по неколку години и од аспект на некоај безбедносна состојба, јас и тогаш истакнав и лично сметам дека треба оваа либерализација да се воведе односно сите економски субјекти, односно претпријатија да ја имаат таа можност за користење на овие девизни кредити.

Исто така, во оваа промена што се прави во членот 42, можеби министерот не истакна, каде што рокот на овие трансакции кои што се прават помеѓу деловните субјекти во странство и од земјата од 180 дена на една година е многу добро, затоа што после 180 дена ако не се извршат тие плаќања, тие трансакции добиваат на кредитни трансакции и економските субјекти беа задолжени да ја поминат целокупната онаа процедур ана вадење на документи, за да можат успешно да ги извршат тие плаќања и за една година таквите трансакции да немаат некој кредитен призвук.

Во делот на надзорот добро е што банките каде што се водат сметкит ена резидентите , должни се по барање на девизниот инспекторат, да ја дадат целокупната документација и на нивното работење и можност на инспекторот, тука не истакнавте и добро е да се изнесуваат не оригиналните документи, туку копие од документите на работењето, за да не дојде до некој сомнеж и честопати да се земаат сите документи, па потоа дали оригиналите се вратиле или не , туку копие од тие документи. Добро е тоа законско решение. Секогаш треба да бидеме

претпазливи од разно, разни се разбира девизни махинации кои може да се направат и кои може да имаат големи несогледливи последици, се разбир аза сите нас. Овие измени и дополнувања, како што и претходно истакнав и на почетокот, пратеничката група на СДСМ ќе ги подржи и ќе гласа за истите, бидејки ќе придонесат за подобрување на условите за работење на економските субјекти, како и за зајакнување на мерките во делот на надзорот и ќе доведат до поголемо почитување на одредбите на законот и слично.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидјеки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следнито заклучок.

Собранието го усвојув апредлогот за донесување на закон за изменување и дополнвуање на Законот за девизно работење.

Ве повикувам да гласаме.

Ве молам, пратениците што се наоѓаат во собранискава зграда да влезат во салата, за да пристапиме кон гласање.

Уште еднаш ги повикувам пратениците што се наоѓаат во близина да влезат во салата, за да можеме да гласаме.

Ги молам службите ако можат да го утврдат кворумот.

Мислам дека можеме да пристапиме кон гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 64 пратеници, гласале 57, за 47, воздржани 8, против 2.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлгоот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за бришење на член 7, тој е составен дел ан текстот на Предлгоот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 1 за менување на став 2 и за додавање нов став 3 по ставот 2. Член 4 став 2, член 14 од новиот член 48-б, став 1 и 2 за менување на член 15 и на член 18 по новиот член 59-а, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 65 пратеици, за 53, воздржани 12, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за девизно работење.

Минуваме на точка 2- Предлог за донесување на закон за изменвуање и дополнување на Законот за Народна банка на Република Макеоднија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, извештаите на рабтоните тела на Собранието Ви се доставени.

Отворма претре спо Предлогот за донесување на законот, молам кој бара збор?

Министерот за финансии господинот Петар Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Само накусо да се потсетиме.

Со овие измени и дополнувања на Законот за Народна банка намерата е , прво, да се зголеми уште независноста и самостојноста на Народната банка.

Второ , да се зголеми професионалноста, одговорност аи транспарентноста во работењето на Народната банка и да се изврши усогласување со меѓународните сметководственис тандарди за финансиско известување на Народната банка, прашања кои што досега предизвикуваа дискусии од најразличен вид.

Со измените се дефинира висината на капиталот на точен определен датум, од што потоа произлегуваат обврски за издвојувања на средства за негово зголемвување или за следење на неговата големина. Во насока, пак, на зголемвување на независноста и самостојноста на Народната банка, еднокрупно прашање е одговорноста, надлежноста за водење на политиката на девизниот курс. Прашање што е крајно чувствително и крајно важно за секоја држава и за билокаков економски дискурс. Овде со овие измени вкупната надлежност ја презема Народната банка досега заеднички со Владата. Материјата беше регулирана, сега надлежноста преоѓа исклучиво кон Народната банка иако вов рска со ова прашање понатаму ќе има дискусии, но ставовите сега се на експертите и на консултантите, а и на оние со кои што потпишуваме меѓународни договори дека ова треба да биде вака цврсто, јасно регулирано и пренесено во надлежност на Народната банка.

Понатаму, измените предвидуваат Народната банка да разменув аподатоци и информации релевантни за ефикасно спроведување на супервизијата со домашни супервизорски органи  и супервизорски органи на други земји. Исто така, во рамките на обемот потребен за следење на монетарниот и финансискиот ситем, се воведува обврска Народната банка редовно да доставува податоци и информации до Министерството за финансии  за имплементација на супервизорски мерки во банките и штедилниците, како и за перформансите на банкарскито систем, со што се зголемува одговорност аи транспарентноста на Народната банка. Значи, од една страна одредби за зголемвуање на самостојноста на Народната банка, од друга страна и одредби што ќе ја изложат Народната банка кон  други институции, да дава информации кои што навреме ќе забележат некои нешта во финансискиот систем и текови на државата, за да може да се зголеми нејзината јавна одговорност, а и одговорноста кон институцијата Собрание.

Значајна новина е зацврстувањето на улогата на гувернерот, која е пак во рамките на јакнењето на интегритетот и самостојноста. Решението за предлагање на вице гувернерите, кои што пвоеќе пати се преместува од едно на друго место, повтроно се враќа како предлог да биде од страна на гувернерот на Народната банка, а потоа Собранието,с е разбира, го врши дефинитивниот избор, со чување на интегритетот на гувернерот, доколку некои тој работи во согласност со законите.

Во насока на зајакнување на независноста и самостојноста на Народната банка, исто така ова особено во насока  на заштита на финансискиот систем на девизните резерви на државата, на одбраната на девизниот курс има пвоеќе импликации ова прашање и се забранува експлицитно на Народната банка да дава гаранции и други видови обезбедувања за обврски на правни и физички лица. Што значи тоа? Досега Народната банка си дозволуваше , без изрична одредба во законот, со одлуки на Владата или со сугестии на Влада, врз основа на притисок од моќ на друга позиција, а можеби и врз основа на лични наоѓања на гувернерот и луѓе што работат таму, да дава гаранции односно да заложува девизни резерви кај правни и физички лица за нивни економски трансакции. Бидејки девизните резерви по дефиниција тоа не го дозволуваат, заложени девизни резерви не се девизни резерви, туку само оние кои што се знае дека ги има таму и никој не може поединечен правен субјект да располага, да смета на нив или евентуално да бидат отргнати од таму, заради преземена обврска врз основа на гаранција, а тоа ги загрозува девизните резерви и вкупната девизна политика, а може и макроекономска политика во пошироки размери, имаме изрична овде одредба за забрана на таквите

права на гувернерот или на Советот на Народната банка. И ова е важна новина, затоа што можам да ве потсетам дека во изминатиот период се давани гаранции, на пример, на фирми кои што евидентно работеле со загуби и добар дел од тие девизни средства отидоа во неповрат.

И сега имаме случаи на таква практика во најново време која што едноставно мора да биде прекината, мора да биде спречена. Новина е исто така одредбата со која изрично се наведува дека член на орган на Народна банка неможе да биде лице кое е осудено со казна затвор во согласност со Кривичниот законик, како и прецизирани се случаите на отповикување на членови на органите на Народна банка. Уставниот суд има поништено вакви одредби со кои што им се забранува на лица да бидат на раководни органи во финансиски институции ако биле осудувани за финансиски криминал, сметајќи дека ако еднаш биле казнети, ја одлежале казната, или ја извршиле казната, дека потоа е оштетување да носат цел живот забрана за нивно работење во такви институции. И тука имаме голем проблем со меѓународните финансиски институции, со ММФ, со Светската банка, со Европската Унија. Кај нив практиката не дозволува и во сите нивни закони има изрични одредби дека такви лица едноставно не можат да добијат функции во таквите органи. И овде е извесен компромис во согласност со нашиот Кривичен законик. Лично мислам дека не е крајното решение кое што треба, но ова е решението кое што претпоставуваме дека Уставниот суд не би го суспендирал повторно, но е многу подобро од она досегашно решение.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор госпоѓа Емилија Костадинова.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Почитувана потпретседателке, почитуван министре и господа заменици, колеги пратеници,

Во функција на понатамошно усогласување на нашето законодавство на барањата и потребите на една пазарно ориентирана држава, се наметнува и потребата за изменување и дополнување на Законот за Народна банка на Република Македонија. Всушност, на тој домен не измислуваме ништо ново и револуционерно, туку напротив, го правиме она што другите го направиле пред нас и согледале дека успешно функционира.

Почитувани пратеници, и денешната точка што ја имаме за расправа односно Предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за Народна банка на Република Македонија со Предлог-закон, оди во тој правец.

Имено, иако новиот закон за Народна банка на Република Македонија, кој е донесен пред една ипол година, е нов и модерен закон усогласен со основните принципи и начела по кој работи и Европската централна банка, сепак овој краток период од неговата примена исфрли на површина одредени слабости, па законодавецот предлага истиот да се надополни и корегира се со цел “банката над банките” да функционира што поуспешно во услови на пазарно ориентирано стопанство. Всушност, основната цел на промените што се нудат е да со нивна примена се овозможи понатамошно зајакнување на независнаста и самостојна улога на централната банка. Тоа ќе се овозможи со давање на поголеми овластувања, но притоа не изостанува да се бара и поголема одговорност и транспарентност во работењето на Народната банка. Во тие усогласувања и трансформации, како неопходност се наметнува и имплементирањето на меѓународните сметководствени стандарди кои вообичаено се применуваат во развиените банкарски системи.

Првата промена што се нуди со овие измени и дополнвуања во однос на досегашното законско решение е фиксирањето на висината на капиталот со кој располага Народната банка. Така што во сегашното предлог-решение се тргнува од неговата висина утврдена со пресек на 31.12.2002 година, односно капитал во износ од 1.289.789.232,00 денари, или околу 21 милијарда евра што е дефиниран како основен капитал на Народната банка на Република Македонија.

Значи овој основен капитал со кој располага Народната банка по завршувањето на деловната 2002 година, во понатамошниот период ќе може да се зголемува или намалува во зависност од тоа дали НБРМ во понатамошното свое работење по завршните пресметки ќе искаже нето добивка, или загуба, што значи дали ќе искаже резерви или ќе ги намали своите резерви.

Понапред напомнав, дека со овие измени и дополнувања на основниот закон на НБ на РМ и се дава поголема самостојност во работењето, но и поголема одговорност. Тоа се овозможува со промената што се врши во член 20 односно по усвојувањето на овие измени се надевам дека истите ќе ги прифатиме,НБ повеќе нема да бара согласност од Владата на РМ за уврдување на девизниот курс на денарот. Понатаму, таа со сета своја стручност и компетентност тоа ќе треба да го направи самостојно и одговорно, но притоа ќе мора да ги сноси и последиците од погрешните потези, не инволвирајќи ја Владата, односно политиката во тоа.Значи, тоа треба да го направи сама стручно, одговорно и компетентно, потпирајќи се единствено на економските параметри и законитости без политички влијанија и притисоци. Понагласената одговорност и транспарентност во понатамошното

работење и се овозможува  и преку давањеето закнска рамка за размена на неопходни податоци и информации со меѓународни банки, супервизорски органи од други земји, не исклучувајќи ги и домашните државни органи и институции кои може да и дадат потребни  податоци.

Во досегашното законско решение такви податоци и информации беше можно да разменуваат само НБ и Министерството за финансии и обратно. НБ на РМ е должна до Министерството за финансии да доставува податоци и информации за перформансите на банкарскиот систем, кредитната задолженост и други податоци и тоа на секој квартал, односно тромесечно.

Почитувани пратеници, недопирливоста на гувернерот на НБ се разнишува. Тој сега ќе има законска обврска да дојде најмалку два пати во годината меѓу народните избраници, пред членовите на матичната комисија и да ги информира за се она што ќе ги интересира. И навистина, ќе има многу прашања што тие ќе сакаат да му ги постават, а тој да одговори. Тоа се овозможува со новиот член 55-а што се вметнува со измените. Очекуваме дел од она што не интересира да го согледаме и преку Извештајот за работењето на НБ на РМ за 2002 година, бидјеќи и со постоечкото досегашно решение кое во ништо не се менува НБ на РМ е должна до Собранието на РМ да доставува полугодишни и годишни иззвештаи за нејзиното работење, извештаи за извршена супер визија и превземени мерки спрема банки и штедилници и тоа најдоцна во рок од шест месеци по истекот на период за кој се однесуваат извештаите. Ова значи, дека и досега требаше да ги добиеме тие извештаи з 2002 година. Досега единствено сме го добиле само Извештајот за ракување со девизните резерви на РМ за 2002 година согласно член 55 точка 3 од законот. Извештаите по точка 1 и 2 споменати погоре, незнам од кои причини доцнат.

Како земја аспирант за членство во Европската Унија друга измена што е неопходно потребна да се имплементира во Законот за НБ на РМ, е да на гувернерот на Централната банка му се даде позајакната, понезависна и самостојна улога, а тоа се овозможува со измена на дел од член 70 со кој му се одзема правото на претседателот на Републиката да дава предлог до Собранието на РМ за именување на тројцата вицегувернери. Сега, со Предлог измените таа можност му се дава на гувернерот на НБ тој да ги предложи своите најблиски соработници, а нив да ги именува Собранието на РМ по предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.  И со ова решение се нуди одбегнување на политички влијанија и се дава можност таа задача да им се довери на личности кои целосно ја уживаат

довербата на првиот човек од монетарната власт во поглед на нивната стручност, комепетентност и можност за меѓусебна соработка.

Можеби веќе напомнав дека со овие предлог  измени се внесуваат нови решенија во Законот за НБ на РМ, кои кај нас се нови, но не се ништо невообичаено во развиенот банкарски свет. Така во западните демократии највообичаена мерка е во законските решенија да се вградуваат заштитни механизми кои ќе го спречат постоењето на пристрасност во одлучувањето и конфиктот на интереси. За да се постигне тоа, предлог измените нудат решение со кое се предлага одредба која ја забранува можноста да гувернерот, вицегувернерите и членовите на Советот на НБ да не можат да се јават како основачи на банка, штедилница или да бидат вклучени во нивните органи на управување две години по истекот на нивниот мандат, или престанок на мандатот по било кој законски предвиде основ.

Извршено е и допрецизирање на законските одредби кои го реулират профилот, образованието и работното искуство на членовите на Советот, односно тоа да можат да бидат само економисти и правници со потребно работоно искуство за да се избегне волонтаризмот при нивното предлагање, а со тоа да се зголеми професионалноста на органите што ќе ја креираат монетарната политика и дгугите функции што им се доверени со законот.

Почитувани пратеници, поради неколкуте финансиски скандали во банкарскиот систем што ја потресоа и Владата и јавноста, како случајот со Љубљанска банка, сегашна Македонска банка каде што се изврши промена на сопственичката стртуктура по партиски директиви, потоа случајот со Алмако банка преку која пропаднаа големи пари на на јавни петпријатија, шесте проблематични банки кои никако  да ги дознаеме  кои се и најновиот мега скандал со Експорт-импорт банката каде со погрешна процена на првиот монетарец во државата се дадени огромни гаранции за задолжување на еден бизнисмен кој притоа се јавува како сопственик на фирми чиј број никој точно не го знае, а во некои од нив се нема ниту појавено, за да се знае дека тој е газдата. Законодавецот имајќи ги во предвид овие случувања, сега бара спас во иднина тоа да не се повтори, и затоа сега предлагачот воведдува забрана НБ на РМ да неможе да дава гаранции и други видови обезбедување на прврни и физички лица, затоа што од наброените случувања, очигледно е дека во такви случаи постои одредена пристрасност, која не нуди заштита од ризик.Во овој смисол е и забраната да се одобруваат кредити на банки и штедилници во кои Народната банка на Република Македонија има назначено привремен управник.

Како заштитна мерка се предлага и изричитата забрана во органите на управување на банката, да не може да се инволвираат лица осудуваниф со казна затвор согласно Кривичниот закон, а направени се и попрецизни одредби во кои случаи се отповикуваат членовите на органите на НБ и слично.

Последниот дел на промените што сепредлагаат е во делот кој го регулира финансикото работење на НБ, а тие промеи одат кон целосна примена на МСС 21, со тоа што се бришат членовите 87 и 88, а се додава нов став во член 89, кој пропишува дека во случај кога НБ ќе оствари бруто добивка, да се издвојат ревалоризациони резерви во висина на нето пресметаните ревалоризациони приходи вотекот на годината.

Имајќи ги во предвид некои воочливи слабости на постоечкиот закон и компарирајќи ги нашите законски решенија со веќе толку експлоатираните решенија во системите ккон кои се стремиме, ги подржувам предлог измените и дополнувањата на Законот на НБ на РМ, со предлог закон, и ќе гласам за истите да се прифатат, уште повеќе и од причина што предметниот предлог заксон ја помина расправата на матичната комисија за финансирање и буџет без некои суштински забелешки и амандмани, а како што се гледа и од Законодавно- правната комисија во нивниот извештај нема некои суштински измени и амандмански интервенции, така да и став на нашата пратеничка група да овие предлог измени се прифатат и станат составен дел од Законот на НБ на РМ.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Народна банка на Република Македонија.

Ве молам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 65 пратеници гласале за, 1 воздржан.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 58 пратеници гласале за, 1 воздржан.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 9 во воведната реченица и на новиот член 30-а став 2, член 20 став 1 и 2 и на член 23 за менување на став 2 за додавање нов став 3 по ставот 2 и на став 4 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 63 пратеници. Сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за Народна банка на Република Македонија.

Преминуваме на точка 3 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за банките, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

ПЕТАР ГОШЕВ:

Почитувани пратеници, имаме три години искуство од примената на досегашниот закон за банки и тоа искуство меѓу другото покажа неколку посебни слабости во регулативните одредби на овој закон. Имено, по пат на стекнување на помалку од 10% од акциите од страна на одделни правни и физички лица во одредени банки се направија промени во акционерската структура на тие банки, а со тоа и промени во однос на поединци и групи кои имаат значително влијание во управувањето со банката. Имено, за под 10% акции со право на глас според Законот имателите, купувачите на тие акции не беа должни да побараат дозвола од Народната банка. И имаме конкретни примери со банки каде што знаете што произведе една ваква одредба која што овозможуваше надвор од контролата на Народната банка неидентификувани, или недоволно солидни субјекти да преземат влијание во определена банка и да произведат проблеми во таа банка.

Тоа е едната слабост тоа што го констатираме и за таа слабост се предлага соодветно решение.

Второ, се покажа дека одредбите за стекнување на акции со право на глас над 10% за која се предлага согласност на Народната банка се недоволно прецизно дефинирани во однос на прашањата кој субјект треба да побара и обезбеди претходна согласност и во каква постапка. Истовремено незаконското стекнување на акции во банка во постојниот закон е несоодветно санкционирано. За незаконско дејствие кое може да влијае врз стабилноста на самата банка и на банкарскиот систем во целина, според досегашното решение, предвидена е казна за прекршок и тоа за банката како правно лице и за лицето со посебни права и одговорности во банката, додека за лицето кое незаконско ги стекнало акциите не е предвидена ниту казна за сторен прекршок во досегашното решение и тоа се покажа исто така како голема слабост.

Ваквите состојби се доволен сигнал за итни измени, барем по овие констатирани евидентни слабости за да може да се овозможи непречена примена на едно од основните начела содржани во директивата на Европската унија 2012 од Парламентот на Европа, а тоа е одржување на здраво и пруденнтно управување со банките. Тој сегмент, таа цел едноставно мора да биде остварувана.

Поради тоа, суштината на предложените измени во врска со овие слабости е следната:

Наместо за над 10% да се дава согласност за стекнување на акции во некоја банка, со овие измени ќе мора да се дава согласност за над 5%. Значи, се зголемува мониторингот, контролата на Народната банка да не може да доаѓа до покрупни сопственички прегрупирања во некоја банка без да знае банката кои се тие субјекти и на кога треба да му се издаде таа согласност за да влезе во банката со повеќе од 5% акции со право на управување со право на глас.

За разлика од досегашните решенија со Предлог законот се дефинираат критериуми кога некое лице е со несоодветен интегритет и заради тоа гувернерот има дискреционо право да му каже не можете вие да влезете во таа банка, не можете да купите акции, што е светска практика, содржина на ваквите закони во развиените земји со развиена пазарна економија.

Јасно и прецизно мора да се знаат субјектите кои имаат намера да стекнат акции со право на глас од над 5% како учество во банката. Посебно истакнувам дека стекнувањето на акции без претходна согласност со овие измени претставува кривично дело наместо прекршоци и без прекршоци, без прекршочна казна за кое се предвидува казна затвор, а ќе се казнат и субјектите, брокерски друштва, берза итн кои ќе извршат трансакција со акции на банка со кои не е

презентирана согласност од Народната банка. Значи, одговорноста и санкциите се зголемуваат и тоа е многу важно затоа што на сите вас ви е апсолутно јасно што значи да се биде неодговорен во работењето на една банка, со какви импликации, бидејќи банките не располагаат само со сопствен капитал, туку располагаат со капитал и пари на населението, на фирми итн. Затоа тие не можат да прават што сакаат, поединците не можат да стекнуваат право на управување како што сакааат без одговорност, туку мора да биде јасно и прецизно регулирано со големи одговорности.

Понатаму, усогласувањето со директивата 12-2000 е направено и во делот што значи обврска за лица кои имаат намера да го намалат своето учество во акциите на банката и за тоа треба да ја известат банката. Значи, ако сака некој да ги намали своите акции во банката, а тоа има влијание во управувачките односи во позицијата на определени субјекти, може исто така да предизвика проблеми за банката, треба да биде известена Народната банка и за таков вид трансакција.

За разлика од постојното решение за стекнување на акции до 1% не е потребен доказ за изворот на средствата, до 1% тоа не е опасно, само администрацијата е голема и се забавува процесот на овие активности. Но, до 1%, над 1% постои информирањето, мора да следи за изворот на средствата на секој што сака да ги вложи во банката и да земе некакво партиципативно учество.

Исто так во овој закон го имаме истиот проблем од претходниот закон дали осудувано лице може или не може да биде именувано на одговорна функција во банките, Уставниот суд ги укина одредбите и во врска со овој закон кога ги укинуваше и овде имаме едно решение во согласност со Кривичниот законик каде бараме решение кое ќе биде блиску до барањата и инсистирањата на ММФ, Светската банка и практиките од Европската унија каде сакаме утре да станеме членка така што мораме и во врска со ова прашање да се усогласиме со нив, но не само заради нив, туку заради фактот што лица навикната да чепкаат ако ги ставите во некој мед повторно ќе почнат да чепкаат, затоа треба да се биде претпазлив ако чепкаат подалеку од местата каде што можат да загрозат некои други интереси, имоти, капитал итн. Заради тоа имаме измена.

Во делот на казнени одредби како кривични дела, покрај веќе спомнатото стекнување акции без согласност на Народната банка поместено е незаконското употребување на зборот “банака”. Акон некој незаконски употребува збор банка, манипулира, може да создаде проблеми и тоа е кривично дело, а кривижно дело е и незаконско прибирање на депозити, затоа што знаете се случува

кога депозитите на граѓаните се изложуваат на ризици, па колку е потребно време да се врати довербата кон банкарскиот систем.

Затоа сите овие измени се нужни и предлагаме Парламентот да ги прифати, што не значи дека со овие измени ќе завршиме, туку работата во врска со првиот закон ќе продолжи. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам на г. министер Гошев.

Дали некој друг бара збор?

Господинот Славе Арсовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Изгледа темите од економската свера не ги интересираат пратениците, а секогаш викаме дека економијата е основа за целокупното живеење во нашата земја. Сигурно немаат политички предлог и маркетинг пред говорницата, но сепак јас сакам да земам учество во овие економски теми и добро е што овие економски закони конечно дојдоа на дневен ред и сугурно ќе придонесат за подобрување на целокупната економска состојба во нашата земја. Сигурно реформите во финансискиот сектор не се статична категорија, тој процес кај нас, иако тежок мора континуирано да се спроведува во тој правец предложените денешни измени и дополнувања на Законот за банки се фактички резултат и од практичната примена на решенијата од Законот за банки донесен во 2000 година од една страна и од друга страна и потребата од усогласување на нашето домашно законодавство со законодавството на Европската унија.

По мене, искуството од тригодишната примена на Законот за банки и исклучувањата на некои банки во Република Македонија исфрлија на површина многубројни нелогичности, одредени негативности кои имаа соодветен негативен одраз во целокупната финансиска свера.

Можеби овие измени и дополнувања се потребни, можеби е потребен и нов закон за банки прилагоден кон современите банкраски системи во Европа, но истото ќе се направи, а денешните предложени измени и дополни како такви треба да ги прифатиме, тие одат во насока на подобро функционирање на банкарскиот систем.

Постоечките законски прописи сврзани со лимитите, овие промени се правеа без било каква контрола на Народната банка, институција од прворазредно значење од обласата на финансиската сфера и добро е денес што ги донесовме

соодветните измени и дополни на Законот за Народна банка во Македонија во правез на нејзина поголема самостојност во извршувањето на своите функции.

Ваквиот начин на стекнување на акции, како што истакна министерот, до 10% со право на глас каде прецизно не беше дефинирано улогата на Народната банка односно кој субјект треба да побара и обезбеди претходна согласност и во каква постапка, потоа незаконското стекнување на акции во банки беше несоодветно санкционирано односно не беше предвидена казна за сторен прекршок.

Исто така во проверка на идентитетот и интегритетот на основачите на банка во постојниот закон постоеше само општа одредба дека гувернерот на Народната банка при одлучувањето за издавање на дозвола за основање и работење на банка го оценува интегритетот на работоводниот орган и акционерите на банката без да се наведе што се подразбира под интегритет односно прецизно да се наведат сите критериуми што треба да се исполнат.

По мене, ваквите состојби што се случуваат во некои банки кај нас се разбира во негативна смисла се добар сигнал дека треба да се извршат соодветни измени во Законот за банки кои измени и дополнувања се денеска пред нас со цел за непречено работење на банките што е едно од основните начела содржани во директивата на Парламентот на Европа, а тоа е начелото за здраво и пруդентно управување со банките. Суштинската промена што се прави во самиот закон е намалување на минималниот износ на акции со право на глас од 10 на 5% за кое е потребно согласност од Народната банка.

Исто така, со предложените измени добро е што прецизно се регулира целокупната постапка и потребна документација која е потребна за основање и добивање дозвола за работа на банка. За разлика од постојното решение со овие измени точно се утврдуваат критериумите кога некое лице е со несоодветен интегритет, што е основа за недобивање согласност односно дозвола од страна на гувернерот на Народната банка.

Стекнувањето на акции без претходна согласност со новите измени добро е што се третира како кривично дело за кое е предвидена казна затвор.

Добра е промената на постојното решение каде за стекнување акции под 1% не е потребен доказ за извор на средствата што од друга страна ќе се намалат трошоците за администрирање при секојдневните трансакции од мал обем.

Предложените нови одредби со Законот за банки сврзани со укинатите одредби од постојниот закон од страна на Уставниот суд во целост ги поддржувам, бидејќи со новите одредби прецизно се утврдува кои лица не можат да станат

акционери односно членови на управен или работоводен орган во банка. Значи, лица кои се осудени на казна затвор до 5 години како и 10 години по издржувањето на казната не можат да станат акционери односно членови на управен или работоводен орган на банка. Можеби тука треба и подрастични измени односно лица осудувани за кривични дела никогаш да не им се дозволи да бидат акционери и членови на управен или работоводен орган во некоја банка, па да не ни се случи и кај нас во такви турбуленции кои ни се случија во изминатиот период лицата кои се осудуваат од типот на некој Блажевски, Николовска, па да дојдат во ситуација повторно да станат основачи или да бидат учесници во управниот или работоводниот орган на банка. Ова го истакна министерот дека во сите развиени западно европски земји тука се многу драстични законските регулативи и на таквите лица не им е место во такви финансиски институции, како што реков многу битни за целокупниот економски живот во една земја.

Сигурно овие измени и дополнувања на законот за банки се во насока на јакнење на сугирноста и стабилноста на банкарскиот систем во Република Македонија и заштите на средствата на депонентите, што е заеднички интерес на сите граѓани на Република Македонија и да не ни се случуваат такви турбуленции во одредени банки од негативна гледна точка, се разбира пратеничката група на СДСМ ќе ги поддржи овие измени и дополни на законот за банки, ќе гласа за истите, но сепак останува отворено прашањето во наредниот период да се изготви еден конзистентетн закон за банки, компатибилен со законите кои важат за банките во развиените европски земји.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има г. Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Еве, за разлика од колегата Славе како економист, јас сум правник, па кај мене законот, покрај ова  Славе што го кажа предизвикува одредени правни дилеми.

Имено, би бил среќен доколку конечно како пратеник го добијам барањето за автентично толкување на одделни одредиб од Законот за банки кој го поднесов пред 5-6 месеци, а се однесува токму на дел од одредбите со кои се менува законот за банки.

Меѓутоа, по мене правно ги гледам разликите и мислам дека треба да имаме нов закон за банки наполно усогласен, а не делумно, со европските прописи кои важат од оваа свера и област.

Имено, прво што ми паѓа во очи, а што се однесува во членот 11 околу правото на наследување, мислам дека доаѓа до директна спротивност околу начинот на стекнување на акции и мислам дека таа област е регулирана со Законот за хартии од вредност што значи дека акциите можат да бидат стекнувани покрај наследувањето кое со овие измени на Законот се предвидуваат значи можат да се стекнат и по пат на тргување, на компензација, на наследство, подарок, извршување на заложни акции и друго. Тоа е членот 17 став 1, точка 2.

Законот за банките го разбирам како лекс специјалис и мислам дека се регулира само постапката за стекнување на акции со право на глас на банка. Тоа е во согласност со измените на законот од 2002 година.

Не би должел многу, би кажал нешто и околу правните последици за стекнување на акции спротивно од одредбите од членот 11 став 1 и членот 25 став 1 точка 5 од Законот за банките без претходна согласност од Народната банка.

Мислам дека правните последици се така стекнатите акции не носат право на глас и не влегуваат во лимитот одреден од Законот за приоритетните акции чиј вкупен износ е ограничен на 10%, а сега гледаме со измените е ограничен на 5% од вкупните акции во банката, а нивните сопственици да не можат да бидат членови на органите на управување, тоа е член 11 став 2 од постојниот закон, додека банката работоводниот орган и лицата со посебни права и одговорности ќе бидат казнети за сторен прекршок, а денес со измените гледаме дека ќе претставува одредено кривично дело. Инаку, тоа е членот 119 став 1 точка 3 и став 2.

Оттука сметам дека законот за банките не задира во правото на сопственост, тоа е она што посебно сакам да го нагласам кое е загарантирано со Уставот на Република Македонија, туку напротив заради почитување токму на тоа право и неможноста да се пропише одредба со која постапката односно акциите стекнати спротивно на постапката утврдена со овој закон за банки да се прогласат за ништавни се пропишани санкции и мерки што може да ги преземе Народната банка спрема банката во случај на непочитување или постапување спротивно од одредбите на законот.

Уште една моја забелешка, сепак треба да бидеме малку пообјективни затоа ни е потребен нов закон за банки, согласно член 40 од законот за изменување и дополнување на закнот за банки, “Службен весник”  37/2002, сакам да потенцирам

на следната одредба. Се кажува: “Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за банките”. Ова до денеска, за жал, не е сторено и денеска имаме нови измени и дополнувања на законот за банките.

Предлагам барем оваа одредба во наредниот период со овие две измени на законите да се прецизираат и да имаме единствен закон за банки.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Сосема накратко за господинот Арсовски, малку не заинтригрира сите, можеби прашањето малку поинаку да се постави, за незаинтересираните пратеници, изгледа дека имаме квалитетни предложени законски решенија за отстранување на одредени недостатоци што беа согледани по однос на работата на банките во изминатиот период. Можеби од тука произлегува дека пратениците едноставно остануваат без дискусија. Јас така ја гледасм денешнава расправа, односно јас гледам во контекст на тоа дека и трите законски предложени решенија што беа за расправа на оваа седница, навистина нудат квалитетни решенија за кои што пратениците немаат забелешка. Затоа, едноставно поминуваат вака едногласно усвоени.

Накратко, да кажам не дека во изминатиот период не беа сголедани тие недостатоци во банкарското работење, но најверојатно тие кои порано одлучувале и биле надлежни за регулирање на прашањата од оваа сфера, не сакале да ги отстранат тие недостатоци и заради тоа ни с случија тие состојби што бе асвојствени и за Македонска банка и недостатоците својствени за Експорт - Импорт банката и последиците ќе гитрпиме допрва. Најверојатно, оваа Влада ќе мора тие штетни последици да ги остранува и негативно да се одразат на севкупните состојби во Република Македонија.

Тоа то е карактеристично за сите законски решенија, а посебно за законското решение по однос на Законот за изменување и дополнување на Законот за банките е тоа што ја покажува тешителноста и на Министерството за финансии и на целата Влада да посветат посебно внимание на идентитето и изворите на

средстдва со кои располагаат банките, посебно лицата кои стануваат акционери во банките.

Факт е дека не само Република Македонија, туку во поширокиов регион, во последно време тој станува место каде што имаме извори на средства односно фпари што не го заслужуваат епитетот на “чисти пари”, туку се таканаречни “валкани пари” и оние кои се занимавале со такви трансакции настануваат да ги внесат во редовните финансиски текови. Сметам дека решенијата што се нудат, пред се нудат решенија да се застане на патот на т.н. “валкани пари” и пари што се од “непознати” извори и можеби да имаат штетни последици за банкарското работење. Тука беше апомнат случајот со Македонската банка, со Експорт - Импорт банката и сметам дека овие решенија ќе додведат до зголемување на стабилноста кај банките во Република Македонија. Од друга страна ќе придонесат за намалување на ризиците кај банкарското работење.

Накратко, тоа што господинот Томиќ го загатна со прашањето за приоритетните акции, мислам дека уште во еден член прашањето за приоритетни акции го отвориме и на Комисијата за финансирање и буџет и одредените недоразбирања што беа во членот 10 и 11 од постојниот закон, од основниот закон за банки, но сепак и таму од претставниците на Владата на Република Македонија беше изнесено декса тоа е решено со тоа што не може да се надмине тој лимит предвиден во членот 10 од 1/3 од вкупниот број на акции, да не ги преминуваат приоритетните акции, со оглед на тоа што над тој износ, предвидено е во законот дека банката е дожлна д ги продаде акциите што гон админуваат лимотот од 1/3 од вкупниот број на акции.

На крајот би завршил со тоа дека навистина законските решенија се квалитетно предлолжени и од тој аспект можњеби заради тоа изостануваат дискусиите на одредени пратеници или пак е во прашање да не се отвори прашањето подлабоко за проблемите во банките што настанале посебно во периодот од 1998 - 2002 година.

На крајот, уште еднаш да кажам што е нормално, Претеничката група на ЛДП ќе го поддржи овој закон како и претходните закони.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Доколку никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за банките.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, за гласале 53, воздржано 9 а негативно 1.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници, за гласале 54, воздржано 5 пратеници.

Констатирам дека Собраниесто го усвои предлогот на оваа седница дас се претресе и предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 301 точка а) и точка б); член 5 во воведната реченица на став 3 и на ставовите 5 и 8; член 6 на новиот член 11-а став 6 и на став 7; член 7 став 7 и 10; член 10 став 2; член 11 став 1; член 12 став 4; член 13 став 6 точка 1 и 2; член 17 став 1 во новата точка 3 алинеја 1 и на алинеја 2; член 18 став 3 во новата точка 3 алинеја 1 и на алинеја 2; член 21 за додавање нов став 2 по ставот 1; член 31 во новиот член 117-в став 4; член 32 став 1 точка 2, 10, 25 и 26 и на член 33 во воведната реченица и на точка 1, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Аднан Јашари поднесе амандман на член 1 став 5 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 5 поднесен од пратеникот Аднан Јашари.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збот господинот Петар Гошев, министер за финансии.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Ве поздравувам сите.

Во Законодавно правната комисија го поставив истото прашање, истиот предлог со намера да се диференцира или да има разлика меѓу двата збора што се користат во истата линија. Тоа што е припојување и спојување.

Дозволете со неколку зборови да објаснам за што се работи меѓу овие два збора, затоа што самиот збор “спојување” подразбира спојување на еден субјект со друг субјект, меѓутоа субјектот на кој што се спојува, го губи својот идентитет и својот правен субјективитет, додекас субјектот на кој што му се спојува, продолжува да врши своја активност или своја дејност во обликот што го имал претходно, пред овие измени на статусот. Оваа ситуација ја немаме кај спојувањето, затоа што во овој случај двата субјекти, за да се соединат, го губат својот законски статус или субјективноста и, како резултат на ова се создава друг субјект со друга правна форма.

Јас мислам, а имам и соодветна литература, па ако претставниците на Владата се согласат можам да прочитам. Тоа е книга од професот на Економскиот факултет во Скопје во која што почитуваниот професор прави јасна разлика меѓу овие два збора.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, за 13, воздржани 8, а негативно с еизјасниле 43 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 став 5, поднесен од пратеникот Аднан Јашари.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, за 56, воздржани 10 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за банките.

Минуваме на точката 4 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор гсподинот Петар Гошев, министер за финансии.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Се сеќавате дека Владата во изборната програма, уште во нејзината инаугурација вети политиак на намалување на дановчниот товар на фирмите и граѓаните. Се сеќавате дека Владата вети дека постојано ќе ги унапредува решенијата што стимулираат економска активост. Се сеќавате дека при усвојувањето на Буџетот за 2003 година предложивме фискални лимити, кои шрто овозможуваат во еткот на една година значително намалување на товарот на дасночните обврзници. И, дека тоа го аргументиравме со еден извонреден факт што ретко се случува да толку кратко време, а тоа е дека јавните расходи на државата во 2003 година ќе бидат помали, како учество во бруто домашниот производ од 41,5%, колку што изнесувало минатата година, на крајот на оваа година ќе изнесува 35,7%, за близу 6 проценти поени го намалуваме товарот на даночните обврзници и на граѓаните во финансирањето на јавните расходи на државата. Тао е факт докажлив со бројки, утврдлив. Дека тие 6 проценти поени изнесуваат некаде околу 100 милиони евра, што ќе бидат помалку платени од даночните обврзници за трошење на државата. И дека, при анализата утврдена од резултатите од изминативе шест месеци констатиравме дека веќе половината од таа цифра, 46 милиони евра, се помалку потрошезни во спроедба со истиот период од минатата година. И за тоа имаме докази што можеме да ги приложиме.

Но, политиката на растоварување на стопанството и на граѓаните и на политиката на стимулирање на растот, треба да продолжи со уште поинтензивни мерки. Бидејќи стопанската активност што во овој период очигледно оживува, се

разбира за динамиката, ринтензитетлот можеме да дискутираме колку е тој во согласност со големите потреби што ги има населението за пборзо решавање на проблемите, тоа е друго прашање, меѓутоа тенденцијата трендот веќе се случува.

Од тие причини, во овие измени на законот за данок на добивка на стопанството му предлагаме олеснување, при донесување на инвестиционите одлуки, при остварувањето на процесот на инвестирање во основни фондови. До сега фирмите , доколку инвестираат, беа ослободени со 25% од даночната основица, односно од добивката или од делот на добивката Што ќе го инвестираат во нови проекти.

Слушавме дека тоа решение е добро, од стопанственици, разговаравме со нив. Меѓутоа, слушаме и постојано дека и тоа не им е доволно стимулативно и дека наводно други држави имало постимулативни решенија. И, да одговориме на тие оправдани и неоправдеани забелешки, или пак изговори за слабата инвестициона активност, во овој закон го унапредуваме тоа решение за уште поголемо ослободување и стимулирање кога некој стопански субјект сака да инвестира. И, конкретниот предлог е:

Секој субјект кој ќе инвестира до 100 илјади евра, нема да плати ниту еден процент данок на добивка. Му се одзема основицата. Секој субјект кој ќе вложи повеќе од 100.000 евра, овие 100.000 евра му се ослободени, за наредните сите, дали се 200, дали се милион, уште 30% од даночната основица исто така ќе биде ослободен.

Направивме една апроксимација за тоа што би значело во некакви бројки во некакви квантитативни износи. На пример, на постојната даночна основица од минатата година, на постојната сума на инвестиции, фирмите би платиле помалку некаде за 1 милијарда и .400.000 или некаде за над 20 милиони евра би биле ослобдени од плаќање, би платиле помалку за данок на добивка со имплементирање на едно вакво решение. Некој може да каже дека ки тоа не е доволно. Се разбира, никогаш ништо не е доволно. Секогаш може да има поинаку. Но, во овој момент експертите оценуваат дека ваквиот предлог е многу, многу дарежлив. Откажување од добар дел на приходи на државата, но се разбира со пресметка дека оваа инивестиција, ова враќање, ова помалку земање од страна на државата од данокот на добивка, ќе уследи со враќање на поголеми инвестиции и дека со поголемите инвестиции ќе имаме стимулирање на вработување и приходите повторно ќе ги добиеме назад, позначајни средства. И, се разбира, решавање на економско - социјалните проблеми.

Оваа измена на законите е мотивирана од тоа. А, бидејќи веќе сме блиску до август, ова решение предвидува да важи не од август натаму, туку од 1 јануари 2003 година. Значи, од почетокот на годината. Тие инвестиции ќе бидат ослободени што ги вложиле од почетокот на годината, за целата оваа година.

На есен ќе поднесе до парламентот нов комплетен закон за корпоративните такси за данокто на добивка, кој што ќе биде многу, многу посеопфатен од досегашниот. Сега не сакаме да чекаме заради стимулирање на инвестициите во стопанството. Во тој заскон ќе има уште попрецизни, уште подобри решенија. Ова решение ќе биде вградено, ќе остане, но ќе рима уште дополнителни мерки. За тоа кога ќе го приложиме закнот, мислам во степември, бидејќи веќе првата солидна верзија ја имаме подготвено.

Не очекувам некој да има против вакво стимулативно решение.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има господинот Ангел Димитров.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Почитувана госпоѓо потпретседателке, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги,

На Комисијата за финансирање и буџет еден мој колега го запраша претставникот на предлагачот на овој закон дали Владата не смета дека со предложените измени на законот за данокот на добивка нема да се намалат приходите во буџетот на Р. Мојата сугестија што сакам да ја упатам кон Владата на Република Македонија е сосема спротивна од таа на колегата.

И на Министерството за финанси му предлагам без страв да продолжат со ваквите промени и дури во иднина да бидат уште похрабри во одредени дасночни олеснувања и ослободувања за фирмите што ќе покажат интерес за нови вложувања за опрема и подобрување на техничката опременост на производните погони, што не само ќе придонесе за поголемо производство, нови вработувања, зголемување на извозот, исто така може да влијае позитивно на зголемување на продуктивноста на трудот и подобрување на квалитетот на производите.

Дозволете ми со неколку зборови да го образложам овој мој предлог. Функцијата на даночната политика, не е само фискална. Тоа е собирање на средствата во буџетот, но исто така таа може да се искористи за остварување на

други цели на економската политика, како на пример стимулирање на развојот на одредени стопански гранки, или на целокупната економија на една држава.

Нашиот закон за данок на добивка, покрај ваквите стимулативни мерки, како што е намалување на даночната основа за направените инвестиции во основни средства, за проширување на сопствената дејност на претпријатието, овозможува уште неколку такви олеснувања и ослободувања, како на пример за средствата од добивката кои што ќе се вложат за заштита на животната средина, за вложувањата во стопански недоволно развиените краишта во Македонија, за учеството на странските лица во основачкиот капитал на нашите фирми, за обврзниците кои котираат во официјалните пазари на берзата, или за обврзниците кои набавиле или воведе опрема за регистрирање на готовински плаќања на тн. фискални каси.

Но, од друга страна, законот предвидува исто така, голем број на таканаречени усогласувања на расходите, т.е. расходи кои не се признаваат како одбитни стафки, или пак ограничувања од дадените олеснувања и ослободувања.

Така на пример личните надоместоци на членовите на управните и на надзорните одбори во трговските друштва, се признаваат само до 50% од направените. Каматите по кредитите земени за набавка на патнички автомобили, мебел, теписи, уметнички дела и други украсни предмети целосно не се признаваат како даночен расход и ја зголемуваат даночната основа. Истото важи и за трошоците за професионален спорт, за донациите и спонзорствата, како и за трошоците за економската пропаганда, кои не се во функција на унапредувањето на дејноста. И во предложената измена е оставено ограничувањето за вложувањето за набавка на патнички автомобили, мебел, теписи, уметнички дела од ликовната и применетата уметност и други украсни предмети за опремување на административните простории на фирмите.

Образложението за ваквите ограничувања е дека во спротивно приватните бизнисмени ќе го изигруваат закнот, па така ќе набавуваат автомобили кои ќе ги возат за приватни потреби, ќе набавуваат мебел и теписи за опремување на становите во кои што живеат, а не за административните простории, или пак ќе прикажуваат огромни износи на име награди за членовите во управните и надзорните одбори на друштвото.

Моето мислење е дека подобро на бизнисмените да им дозволиме патничките автомобили, мебелот и теписите да ги набавуваат легално преку жиро сметките на нивните компании, а не да ги набавуваат како физички лица со пари кои нелегално ги извадиле на сметката на компанијата. Зошто? Затоа што на тој начин, најпрвин ќе

го добиеме вистинскиот износ на ваквите расходи, т.е. ќе ја намалиме сивата економија, а ослободувањето од данокот на добивка, кој се наплаќа по стафка од 15% државата ќе го добие преку наплата на царинските, акцизите, данокот на додадена вредност и даноците и придонесите од платите на вработените кои работат во фирмите кои ги произведуваат, или пак ги увезуваат и даваат овие производи.

Истото важи и за надоместоците за членовите на управните и надзорните одбори или спонзорствата и донациите. Подобро би било ваквите надоместоци да се признаваат како расход во даночниот биланс, но затоа пак ќе добиеме легални исплати, кои ќе бидат евидентирани и на кој ќе се плати персонален данок на доход и ќе се добијат податоци за контрола на годишните даночни пријави на сите овие лица кои заработуваат и по други основи, а не само по основ на приходи од плати.

На крај да споменам дека на овој начин, ќе се овозможи и стимулирање на севкупната потрошувачка во земјата, која позитивно ќе влијае на зголемување на понудата, производството и севкупниот развој.

Можеби во иднина, ќе мораме да се ослободиме од синдромот на намалување на потрошувачката и тн., “стегање на ременот”. Која беше нормална политика за времето кога имавме една галопирачка инфлација и државни, т.е. општествени претпријатија кои милуваа да трошат многу повеќе одколку што заработуват.

Денес Македонија има стабилен девизен курс. Многу ниска инфлација и во услови на многу низок стопански раст, мораме сите сили да ги насочиме кон развојот. А тоа не се прави во услови на дефлација. Или поточно стакфлација со ограничување на потрошувачката. Се разбира, ова не се однесува за јавната потрошувачка.

Се надевам дека овие мои укажувања ќе бидат предмет на анализа во Министерството за финансии и Владата во иднина во оваа област ќе можеме да очекуваме уште похрабри предлози од ова што денеска го кажуваме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има г-динот Петар Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Се разбира дека има полноаргументи за оваа дискусија, за тоа каква може да биде основицата за оданочување, што ја дефинира основицата за оданочување,

што влегува во признаени трошоци или како се формира расходната страна, за да може уште повеќе да се стимулираат. Меѓутоа, овие прашања ќе бидат токму предмет на комплетниот закон. И тоа во септември ќе имате прилика да видите што се на овој план имаме подготвено и ќе понудиме пред парламентот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има г-динот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувани колеги, почитуван министре,

дозволете ми како известител на Комисијата за финансирање и буџет да кажам неколку заклучоци и од комисијата и свои по однос на оваа точка на дневен ред.

Прво ќе почнам со колегата Ангел Димитров, ако веќе цитираше еден колега можеше да ми го цитира името, не е страшно, бидејќи јас бев тој што го поставив тоа прашање, меѓутоа, го поставив во контекст на онаа за која што претставникот на Владата таму даде објаснување на Комисијата и мислам дека не е во ред сега овде да дискутираме кој што прашал на самите комисии, затоа што се на крајот на краиштата, комсиите.

Инаку, би го искористил и присуството на министерот. Верувам дека тој во делот на своето излагање ќе одговори на тоа што јас прашав на Комисија. Прашањето беше во насока на тоа, бидејќи овој закон се предлага во јули месец, знажи ќе биде усвоен во јули месец, а со оглед на тоа што ние донесовме буџет на почетокот на годината, во кој што буџет како приходна, проектирана страна влегуваше и делот од приходите од данокот на добивка. И не беше ништо страшно од она што се праша, јас го прашав тогаш заменикот, дали со носењето на ваков закон, после 7 месеци од донесувањето на буџетот, може да се одрази врз приходната страна. Поточно, дали за тоа водел сметка предлагачот. Таму добив одговор, она што овде и министерот го кажа, значи министерот кажа дека 56 милиони евра, така колку добро го разбрав, се јавило некој вишок за кој што може да се размислува ваков закон. Токмуу тоа е целта на донесувањето на законот. Доколку немало простор и место сигурно дека ваков закон не би бил ни предложен.

Но да се вратиме на самата точка на дневен ред. Ако веќе кажуваме што се зборувало на Комисијата, јас како извесител ќе кажам дека на КОмисијата исто така се отвори една дебата во однос на лимитот. Поточно, дали лимитот од 100 илјади евра, како основица за да не се плаќа воопшто данок на добивка е мал или голем, па

имаше разни размислувања, па дури разни предлози дека тој лимит треба да биде зголемен од 200, 300 и тн., да не зборувам, кои што предлози напротив, доаѓаа од страна на пратениците кои го застапуваат парламентарното мнозинство. Или имало примери разни низ земјите во светот каде што таквиот лимит се оквалификува како мал. Има некаде лимити до 10 милиони евра, каде што не се плаќа данок на добивка. Тоа беше една од дискусиите, како и една од другите дискусии во насока на тоа дали стафката од 30% која што сега се предлага над инвестициите од 100 илјади евра, е некое олеснување со оглед на тоа што претходно беше 25 и би требало да се размислува за некоја повисока ставка. Тоа се сите дилеми кои се на место да се дискутираат како комисија, затоа ни доаѓа претставник од Владата и затоа таму ги дискутираме на крајот на краиштата, од сето она што ќе се сумира се доставува извештај со ова онака како што е гласано и како што е предложено од страна на предлагачот.

Инаку, само за потсетување, комисијата за финансирање и буџет едногласно го прифати овој предлог.

Сега, кога се цитира што поставил прашање заменик претседателот на Комисијата за финансирање и буџет, треба да се каже една друга работа, па сепак, јас како заменик претседател имам барем доволно слух да на барање на Владата, поточно на барање на минстерството за финансии, оваа точка ја ставам да се разгледува уште на 8 јули, се со цел, да не правиме проблем, поточно од еден добар закон, значи секој еден закон, мора д потенцира, кој што е во рамките и во насока на намалување на даночното оптоварување за мене е добар закон, да дадеме простор што побрзо да се изглса. Сега таквото разбирање очигледно, го немаше пртседателот на Собранието на РМ, со оглед што ја закажа седницата, односно оваа точка од дненвиот ред на 22 јули. Значи јас сум бил максимално кооперативен, поточно не сум правел никаков проблем и таа точка ние ја разгледавме на седницата на 8 септември односно јули. Дури да беа побарани од Министерството за финансии овие наредните, за банки и тн., ќе беа разгледани на таа комисија.

Инаку би сакал само малку да полемизирам со министерот за финансии, затоа што секогаш присуството на министерот за финансии покренува повод за една полемика. На крајот на краиштата, самото излагање на министерот одеше во некоја насока, покрај она што се образложуваше за причините од донесување на законот, одеше кон некоја насока малку со еден критичен тон кон претпоставувам, опозицијата за се она што Владата ветила и направила и кај некои можеби како што

самиот министер претпоставува, кај некои скептици кои неверуваат во она што оваа Влада од тоа што го ветува го остварува.

Едни од ветувањата, како што кажа и министерот, Владата вети политика на намалување на даночните оптоварувања. И тоа е точно. Мислам Владата, навистина вети прво една таква политика на даночно растоварување, гледаме преку овој закон ефективно во бројки јас тоа не го знам, мислам далеку беше заклучокот, од одамна е тој заклучок кажан, а јас слабо баратам со проценти и математика, така да, во основа му го оставам тоа на министерот бидејќи тој подоро барата од мене математика, тоа е очигледно, меѓутоа, едно од ветувањата пак на министерот за финансии беа и тие што во рамките на даночното растоварувања беше и дека струјата нема да поскапи до крајот на годината. Дури не убедуваше од овде од говорница со една реплика, во која што ни тврдеше дека се што спротивно ќе кажам е моја лага.

На крајот се воспостави дека струјата поскапе овој месец, јули, имаме веќе цена на струјата со 7% корекција. Образложение на тоа слушнав од заменик министерот дека спроед нивните проценки во Министерството за финансии, кои што ги правеле во континуитет, дошле до заклучок дека струјата мора да поскапи. Сега излегува тоа резиме, јас слабо баратам со проценти и многу слабо разбирам математика, меѓутоа, очигледно како ги прават проценките во Министерството за финансии, ожигледно дека некој и таму барата слабо со проценти. До крајот на годината веројатно, ќе имаме уште едно покачување, ако вака се прават проценките како што започнаа.

Инаку, г-дине министре, јас би бил многу задоволен доколку ова ветување кое што го кажавте во уводното излагање , она што Владата вети се случеше и се оствареше во насока на оние даночни оптоварувња кои што директно ги засегаат најмногу граѓаните на РМ, па ни се случеше, наместо да ја покачуваме привилегираната стапка од 5% од Законто за ДДВ, да ни се случеше да ја намалиме општата стафка, барем за оние производи кои што се од животно значење за граѓаните. Како што е струјата, како што се сите оние работи за кои што дискутиравме претходно. Меѓутоа, тука очигледно Владата не го примени тоа што го вети и на очиглед на сите го корегира ДДВ со тоа што ја покачи основната стапка од 5 на 18% или за разлика од 13%. Сега тоа математички некој ќе каже дека во вкупната сума на приходите на буџетот имаме растоварување и вака и така, меѓутоа, очиглендо дека граѓните на РМ не го чувствуваат така туку го чувствуваат сосема поинаку. А тоа се гледа и по нивниот животен стандард, а се гледа и по

секојдневното корегирање, покачувањето буквално на секој производ од ден во ден. Тоа ќе се види и сега со новите сметки за струја кои што веќе треба а се платат, тоа ќе се види и со радиодифузната такса која овој пат со измените на Законот не ќе може да се одвојува од сметките за струја, тоа ќе се види и од секојдневното поскапување на животните артикли кои што се основни потреби за граѓаните, што се однесува до прехраната и така натаму. Така да, повторно ќе кажам би ме радувало доколку во таа насока, во она што Владата го вети, а вети и многу, одеше во таа насока. Но, сепак, ако барем во еден дел, заради можеби аранжманот со ММФ, можеби и од многу други причини не можело да се постапи онака како што Владата ветила. Еве сега се нуди еден закон кој то вака или онака, сепак ќе има некое растоварување, што сепак е за поздравување. И една сугестија до почитуваниот министер да продолжи во таа насока, а да не заврши само со една ваква измена и не со еден нов закон што го најави за данокот од добивка. Значи во поглед на даночната свера да се прошири онаму, каде што нвистина најдиректно се засега на обичниот граѓанин, кој што секојдневно го чувствува она што во поглед на финансиската политика во РМ се спроведува.

Од тие причини, ние како пратеничка група и јас лично како пратеник овој закон ќе го пддржиме во секој случај, значи ќе гласаме позитивно и таков беше ставот и на Комисијата за финансирање и буџет.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Петар Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Јас немав намера да ја шириме дискусијата на прашања од овој тип кој што г-днот Караџоски го покрена. Може би во четврток можеме за сите прашања и за сите бројки и за сите прогнози и за сите промашувања на прогнозите да дискутираме по прецизно.

Меѓутоа, се разбира, јас не можам никогаш Жарко Караџоски да го убедам дека 100 милиона евра помалку ќе плати стопанството за државата и дека државата ќе потроши во 2003 100 милиона помалку. Па сега, дали е тоа зголемување на товарот, или намалување Жарко и сите други нека проценат. Но, 100 милиона и тоа е факт дека сега имаме во првата половина, половината од тоа веќе остварено.

Се разбира, имаме проблеми во тоа, бидејќи од тие 50 милиона заштеди, сега ќе мора да платиме 17 милиона казна за ОКТА заради авантурите непотпишувањето на договорот и заради знаете каквото работење на некои одговорни личности. И се разбира, мораме да бараме начини и тие дупки да ги затвораме, но да не почнуваме

сега со примери, ако сака Жарко ќе ја тераме подолго таа работа, а можеме и во четврток. Јас му ветувам дека во четврток ќе бидам тука сите математики да ги најдеме, а исто така говорев и кога се поместуваше стапката на данокот на добивка најниската, дека нема да ја зголеми инфлацијата тоа, се разбира некои слоеви ги погодува различно и тоа не е воопшто прашање за откривање на топла вода, но стапката на инфлација е 03 за последните шест месеци порастот на индустриското производство е 3,5%, каматните стапки се за неколку од 6% поени надолу за прва категорија и други како ефекти на ова фискална политика. Но ќе ги образложуваме тие остварувања.

Овој закон бидејќи во јули го усвојуваме, меѓутоа нема никаков проблем било кога да се усвојува ваков закон, ќе важи од почетокот на годината, а решенијата што ќе бидат применувани, или ако на пример некој субјект не ги потроши тие 100 илјади евра може да ги пренесе следната година и следната година ќе му се одбиваат исто така, не му завршува правото една година. Значи воопшто не е проблем прашањето кога започнува примента.

Дискусиите дали е мал или е голем износот кој што се ослободува како конкретно фиксирана сума од 100 илјади евра јас ви гарантирам дека е прилично значаен имајќи го предвид инвестициониот капацитет, добивките што се остваруваат и компарацијата со други држави кога вградуваат решенија за даночни ослободувања. Прашајте ги стопанствениците што мислат за ова решение. Нивниот став е извонредно позитивен кон ова. Всушност не добивме ниедна забелешка од тие што ги консултиравме, а консултиравме многу дека треба да биде износот поголем. Само нека го остварат, само нека го реализираат, само нека го инвестираат и штом ќе ги видиме бројките дека инвестираат ќе најдеме ние други стимулации во врска со тоа.

Според тоа, дали ќе ни се намалат приходите од една страна да со остварувањето на приходите на инвестициите тие треба да се вратат. Дали имаме сето ова да го избалансираме до крајот на годината во Буџетот, се разбира размислувавме за тоа и сега мислиме дека може, но ако не ни се случат уште некои нови шокови од овој тип сега што ни го соопшти Лондонскиот суд врз основа на некои претходни одлуки. Да бидеме искрени и чесни она што се случувало, она што се случува и што ќе се случува во наредниот период. Мислам дека ваквиот Предлог на закон нема да предизвика проблеми или во врска со ваков предлог на закон да отвараме други теми за дискусија. Можеме по секој повод и во секоја прилика и по други прашања да разговараме.

За струјата да не останам должен да кажам дека моите изјави беа заради зголемувањето на ДДВ нема, може да се изнајдат внатрешни резерви во Електростопанство. Анализи за зголемување на цената не прави Министерството за финансии туку прави Електростопанство. Електростопанство кога ги направи тие анализи и кога ја дадов таа изјава недвосмислено соопштив дека може да најде внатрешни резерви, но се разбира имаме аранжмани целокупни во кои што имаме и права и обврски и врз основа на тие аранжмани доаѓа понекогаш до вакви одлуки кои не се секогаш во согласност со желбите на сите граѓани на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јавува господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Гошев јас само една кратка реплика, незнам колку е реплика, меѓутоа една сугестија.

Навистина немате потреба мене да ме убедувате. Јас сум си убеден одамна и мене нема потреба да ме убедувате за она што го тврдите. Повеќе потрудете се да ги убедите граѓаните на Република Македонија, затоа што тоа е подобро отколку мене да ме убедувате. Мене ме убедувавте овде во Парламентот и за струјата иако сега кажувате друго, меѓутоа ме убедувавте дека вие гарантирате дека таа нема да поскапи до крајот на годината. Колку ме убедивте видов јас лично, виде и јавноста во Република Македонија и бидете сигурни дека и граѓаните на Република Македонија кога станува збор за струјата не се убедени во она што го зборувавте, а уште помалку се убедени понатаму што ќе зборувате, затоа што ставовите ќе се менуваат многу брзо. Еднаш струјата беше состојба која директно влијае на егзистенцијата на граѓаните, а друг пат кога станува збор за цената на струјата не била социјална категорија. Така да убедете ги нив повеќе не мене.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Петар Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Кога господинот Жарко упорно инсистира со тврдења кои што не ми ги упатува мене, ги упатува на страна, на некои други луѓе јас господинот Жарко да го прашам -

дали господинот Жарко е свесен колку пари се укратени од Електростопанство и дали господин Жарко е свесен колку е оштетена фирмата во изминатите четири години. Вие убедете ги сите други дека не сте го направиле тоа .

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Да не ги измешаме работите. Ова може да се третира како дискусија на господинот Гошев, па господинот Караџоски има право на реплика.

Повелете.

(Реакција на пратениците).

Да нема забуна, министерот има право да се јавува како предлагач секогаш. Има право на реплика доколку е спомнат пратеникот. Да бидеме коректни.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас се извинувам, ова ќе биде последно, нема повеќе да реагирам, но бидејќи навистина бев прашан дали сум свесен колку се украло во Електростопанство, навистина ниту можам, ниту сум свесен, меѓутоа за тоа од проста причина што јас не сум истражен орган. Но, не е истражен орган и министерот за финансии. За да бидеме свесни колку се украло, како се украло и колку се украло постојат во оваа држава институции кои тоа треба да го утврдат. Господине министре откако ќе се утврди, откако институциите ќе кажат тогаш ќе бидам свесен и јас и вие и тогаш ќе можеме да зборуваме за тоа дали е украдено, колку е украдено и што е украдено, а не вака паушално.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Пред да одиме на следните дискутанти јас имам обврска да објаснам нешто бидејќи беше спомнато дека претседателот на Собранието наводно немал слух да ја стави на време точката на дневен ред, па јас да појаснам.

Точката на дневен ред е ставена токму тогаш кога и е времето, затоа што со писмо од Владата е предложено оваа точка да оди во редовна процедура. Денеска дојде на дневен ред. За тоа да немаме забуна.

Инаку за една работа можеме да кажеме дека е добра, дека и претставниците од позицијата и опозицијата се трудиме заеднички да донесеме добри закони во што пократок рок, така што мислам дека тоа е еден убав сигнал за атмосферата.

Има збор господинот Ѓорѓи Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Во старт сакам да кажам дека кога го гледав овој предлог на закон апсолутно имав позитивен став и тој став ми останува. Значи, во старт имам позитивен став за тоа.

Она што мене ме испровоцира на некој начин да влезам во дискусија е образложенијата што ги даде министерот оклу овој закон бранејќи ги без исклучок тезите кои ги бранеше при носење на Буџетот. Тука ќе се запрашам само за неколку работи.

Јас верувам во податокот кој го даде денеска министерот Гошев дека на основа на тоа што беше ветување, како е кажано за растоварување, досега имаме за шестмесечен период 46 милиони евра остварени повеќе во стопанството. Меѓутоа ние сме сведоци дека не постои никаква инвестициона активност. Што направивме? Направивме еден ребаланс на некој начин зголемување на ДДВ што направивме, ги зголемивме реалните цени на лековите, струјата, водата, греење и ред други работи кои директно се одразија врз стандардот на населението, а од друга страна се уштедија тие 50-тина милиони евра, кои никако да влезат во системот на инвестиции и да почне системот да работи со отворање на нови работни места и решавање на основниот проблем, на невработеноста.

И покрај панијативните законски мерки кои беа донесени за да се потпомогне вработувањето, а тоа е таканаречениот Бранков закон не ги дадоа досега резултатите кои што оваа Влада ги очекуваше. Значи, немаме заживување и тоа е практично една само реклама на министерот дека имаме заживување на стопанството.

Понатаму, друго што ме изненади во целата оваа работа е дека при изнесувањето на законското решение и самиот министер изнесе, што ме изненади, сопствена недоумица. Вели можеше и подобро и поинаку, но ова го направивме вака. Ако не е сигурен дека ова е најдоброто решение не требаше да ни го понуди, а не да имаме недоумица. Од старт кажав дека сум јас за ова решение.

Ако сето ова се спрема во поголеми рамки да биде направено зошто мораше и сега да се направи, како да преку ноќ ќе се направат инвестициони активности па да се донесе парцијално решение, а понатаму да биде вклопувано во еден поопшт законски сегмент.

Друго, би рекол и она што господинот Караџоски и господинот Анѓел го кажаа околу тоа кои би биле пресметаните вредности на губиток во Буџетот врз основа на овој планиран губиток на данокот.

Врз база на ова што сега го имаме како инвестициона активност никако, затоа што од 1 јануари немаме никакви инвестициони активности, така да предвидувањата од 20 милиони кои би биле не се ни реални, затоа што нема никакви инвестициони активности и никој нема да биде ослободен од такви давачки.

Она што треба да се направи за да се заживи стопанската активност воопшто не се вакви парцијални решенија, без разлика што ова решение е стимулативно и го поддржувам, меѓутоа амбиентот, севкупниот не одговара за инвестициона активност и тука Владата мора да преземе мерки најбрзо, најенергично доколку сакаме да воспоставиме една динамика која е потребна.

И уште нешто да кажам. Овие прашања и потпрашања што ги поставува министерот кои не се во тек на целата дискусија и мислам дека не е во ред кога се носи закон и би коментирал само две работи.

Не може на овој начин да се дисквалификуваат и пратеници и наше мислење по прашање од типот на ОКТА, а јас ќе го прашам министерот Гошев дали знае колку пари минатата Влада даде за гаранциите од тутунот што беа паднати од претходната Влада.

Што се однесува до Електростопанство мислам дека како министер за финансии он треба да знае дека тогашната сметка, за 2002 година е во февруар месец 2003 година каде што побарувањата на Електростопанство се 210 милиони а должничките работи се 60 милиони и математиките повеќе не мислам да ги елаборирам.

Ќе гласам за овој закон, меѓутоа приодот кон воопштување на некои работи и депласирање преку одредени тези кои за мене не се релевантни мислам дека е погрешен начин на кој се оди.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јави министерот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Мене ми е драбо што докторот Оровчанец ја следи економската проблематика и тоа е многу добро, ама треба да се следи повнимателно и треба да се собираат повеќе факти заради политички импресии, не се кажуваат работи кои не се точни. Од незнаење или од намера или други видови се едно. Немало никаква активност, не се случувало нштo во стопанството и тн.

Господине Оровчанец ќе ви дадам податоци за секое ваше тврдење и за севкупните економски движења. Лично ќе ви ги обезбедам сите податоци од институциите во кои што и вие верувавте досега и верувам дека верувате затоа што ги собираат и ги анализираат.

Во 2001 година заради настаните, не заради субјективни слабости на поединци или на Влада што била тогаш, ако таа не учествувала со свој придонес во настанатата ситуација се разбира, тоа е долга дискусија, имавме намалување на бруто општествениот производ од 4,5%.

Во 2002 година имавме расходи 0,7%. Долго сметавме дека е околу 0,3%, но конечно статистиката излегува со последен податок 0,7%.

Во првиот квартал истата таа статистика со истите методи и методологии вели дека имаме раст на бруто општествениот производ од 2,2%. Нашата проекција и со аранжманот со ММФ заеднички анализирана во првиот квартал беше дека ќе ни се случи раст од 2,5%. Претходните податоци за вториот квартал односно првиот и вториот квартал што сеуште не се објавени кажуваат раст на бруто домашниот производ од 3,1%.

Јас одговорно како економист, толку колку што сум почитуван дека сум економист, толку колку што знам од областа на економијата дека од -4 на +8 не се скока и дека тоа не е возможно за седум месеци. Овој раст на 3,1% ако остане до крајот на годината ќе биде ивстински успех и полн погодок имајќи ја предвид состојбата на економијата во Македонија во која што била и имајќи предвид што значат стапки на реален бриуто раст од минусни, од нула позиции во позиции со позитивни претдзнаци и имајќи предвид дека во овој момент во опкружувањето во Европа владее вистинска економска рецесија и сите влади ги корегираат своите проекции што ги направија претходно. Но тоа би звучело сега како изговор. Тоа е плус за нашите вкупни внатрешни и други проблеми.

Значи, што се однесува до економската активност и за тоа дали се случува и колку се случува, тоа се случи до сега со бројката. Или, индекстот на индустриското производство е 3,5%, шест месеци со шест споредено минатата година.

Се разбира дека стопанството чувствува помалку инвестиции. Она тенденрско стопанство на релација со државата. Тие приговори ги слушам секој ден и оценки дека нема инвестиции, нема инвестиции на релација држава некој стопански субјект заради тоа што потрошувачката на државата во 2002 година беше екстремно прегреана на товар на идни приходи, потрошени пари, а ние мораме да го консолидираме тоа. Тендерите треба да имаат приватни субјекти, а политиката на

Владата е да остане пари што повеќе кај стопанството. Државата не е добар стопанственик. Тоа е основната концепција.

Оваа година 100 милиони евра помалку ќе потроши државата. Идната година со растот таа сума се повеќе ќе расте врз основа на истите проценти на зафаќања. Ако пронајдеме простор за натамошни рационализации на администрацијата и натамошни стегања на потрошувачката парите во приватниот сектор ќе се зголемуваат. Македонија нема раст затоа што има многу слаб приватен сектор. Сите политики таму треба да бидат насочени и политиките на Владата се таму насочени. Ова намалување на трошењето на државата е насочено кон приватниот сектор. Резултатите нема да стигнат за седум месеци. Тоа е исгурно. Никогаш не сум бил во ситуација да дадам тврдења дека за една година Македонија ќе излезе од сите економски проблеми што ги има затоа што не е возможно. И 15 економски нобеловци да бидат министри во Владата на Република Македонија нема да остварат во првата и втората година поголем раст од 3 до 4% додека не се создадат услови, политички амбиент, безбедност на системот комплетно и тн.

Тоа е реалниот одговор. Но ако тргнавме позитивно, а еве веќе има знаци, само да продолжи тој тренд на позитивност, се разбира, проблемите ќе бидат уште долго присутни за граѓаните и за стандардот на луѓето. Цените на некои производи се зголемија заради ДДВ, но тогаш се тврдеше дека инфлацијата ќе ја подигне таа промена на ставката на ДДВ. Тоа не ја подигна инфлацијата, 0,3 е општиот индек на трошоците на живот, инфлацијата мерена преку трошоците на живот. 0,3% на 6 месеци. Прашањето е дали е добро да бидат 0,3% или е по корисно да биде нешто повеќе од тоа заради економијата и заради разните економски школи и теории во врска со тие прашања. Но имаме стабилност ценовна, имаме стабилност на девизниот пазар, имаем намалување на каматни стапки. Во јуни месец минатата година каматните стапки за прва категорија комитенти беа 16 - 17% , а за истите договори кои што се во тек тие плаќаат 11 - 12%. 6% поени помалку. Тоа може да се пресмета во финансиски ефекти кои што остануваат кај тие што имале кредитни линии и кредити кај стопанските банки.

Пред инаугурацијата на Владата каматните стапки на благајничките записи беа 12 до 14%, а сега се 7%. Каматните стапки на пазарот на пари беа 12 и 14% пред 7 месеци, сега се 9,4%, едноцифрени. Значи, прашањето е само овој тренд да продолжи. Ако продлжи, ефектите сигурно ќе бидат, а ние работиме на тоа да продолжи.

Тоа се вистински показатели за следење на состојбата, се разбира за тие што ја разбираат макроекономијата и за тие што сакаат аналитички и објективно да приоѓаат на прашањето. А се разбира дека невработеноста е огромна, се разбира дека има уште фирми што ќе паднат под ликвидација и што побрзо тој процес се оствари, толку подобро, реалокацијата на факторите ќе се случи побрзо, некој побрзо Ќе почне да работи и т.н. и тоа е сигурно. И уште можеме да дискутираме за тоа колкава е бројката на невработени, дали е помала или поголема , меѓутоа, со активности од 3% раст на бруто домашниот производ и со завршувањето на процесот на решавањето на фирми што се со ФЕСАЛ аранжманот што покажувале загуби во досегашниот период и што добивале некакви дотации, дирекни или индирекни од државата, оваа бројка ќе почне да го пројавува трендот на намалување на стапката на невработеност. Ќе почне, јасно е дека многу луѓе чекаат сега веднаш работа, ама тоа го немавме ни пред 7 месеци.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Ѓорѓи Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Ова е одговор , не е реплика, затоа што на некој начин повторно имавме една сеанса на самосебе убедување дека исправно ги работи министерот Гошев овие работи убедувајки се до тој степен дека е подобар од 15 нобеловци кои би седеле во Владата таа работа не би ја завршиле така како тој, а сите други сме девалвирани во смисла дека не ги разбираме работите. И сите овде да не ги разбираме работите, г-динот Гошев ќе треба на луѓето да им објасни кога ќе има вработувања, кога ќе им се зголеми стандардот, затоа што цело време во име на тие работи манипулира со нашата јавност. Ов аповеќе не е предизборна кампања, сега е министер во Владата на Република Македонија и треба да пријде сериозно кон работата, а не како партиски опозиционер да дискутира и полемизира со нас пратениците.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика на репликата, г-динот Министер.

(Реакција во сала на пратениците)

Се дискутира според точката на дневен ред. Господинот Гошев има право на реплика на репликата. Јас ве молам да бидеме парламентарни.

(Реакција на г-динот Оровачанец со зборовите “не може бесконечно”).

По вашата дискусија, г-дине Оровчанец, се јави г-динот Гошев, меѓутоа тој дискутираше повеќе од 5 минути, што значи тоа не беше реплика. Едноставно тој има правокако предлагач на законот да се јави. На неговата дискусија вие се јавивте за реплика, јас ви дадов право на репликаи г-динот Гошев има право на контра реплика, така што цел циклус е затворен.

Г-дине Гошев, повелете.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Јас не се откажувам така лесно и кој сака да реплицира и дискутира, ќе дискутираме и ќе реплицираме од овде до вечноста ако треба, не ќе може да ми каже никој дали имам право да одгвоорам илине да одговорам. Имам право да одговорам, имам право да ја бранам политиката на Владат аи политиката што ја остварувам преку Министерството за финансии.

Меѓутоа, г-динот Оровчанец нека дискутира за проблемите во здравството и нека ги оправда дефицитите и дубиозите што ги направија за време на неговото министерување. Тогаш нека дискутира за проблемите на Буџетот, за тоа колку пари биле злоупотребени во областа на здравството за време на неговото министерување и што треба сега ние да сториме за 7 месеци за да ги затвориме прво дупките направени од министерот или за време на неговата одговорност. Тогаш се разбира ќе дискутираме и за растот, но прво треба да ги затвориме овие дефицити што се создадоа таму или што се зголемија многу повеќе отколку што требало да се зголемат, наместо да се намалуваат. Тогаш со г-динот Оровчанец ќе дискутираме, бидејки јас неговите проблеми малку подобро ги познавам отколку тој овие проблеми со кои јас се бавам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Ѓорѓи Трендафилов.

(Реакција на пратеникот Слободан Најдовски со зборовите “имав реплика на искажувањето на дискусијата на г-динот Оровчанец”).

Овде сте пријавен за дискусија, не реагиравте. Ако може во дискусија потоа, може ли?

(Слободан Најдовски реагира ).

Јас мислам дека ќе може како дискусија, бидејки веќе му дадов збор на г-динот Трендафилов. Г-дине Најдовски, вие не реагиравте, така што овде сте нотиран како дискутант. Сега се избришавте, јас незнам , може да се пријавите.

Процедурално, има збор г-динот Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Со оглед дека сум пријавен за дискусија, затоа се отпријавив за дискусија затоа што сакав да му реплицирам на г-динот Оровчанец. Но вред е , со оглед на тоа што и тој си замина, не сака да ги слушне контра аргументите на неговата дисксуија и многу му е болно за прашања кои беа од минатата Влада, како што е прашањето на ОКТА да се зборува, сега се откажувам и од реплика и од дискусија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Навистина беше пријатно да ги слушаме поодатоците кои ги кажуваше министерот за финансии, иако напати се прашував, според дискусијата дали министерот го води ресорот финансии или добил некој друг ресор во меѓувреме, затоа што доста опстојно зборуваше за некои други состојби, но во секој случај наискрено кажувам дека навистина ми се допаѓа тоа што го сработиле тој и неговиот тим во Министерството за финансии, особено оние силни бројки кои ги кажуваше, кои се остварени како заштеда во Буџетот на Република Македонија, но не разбрав дали со тие пари сега ќе бидеме во состојба како држава да им исплатиме плати идневници на извидниците од Извидничкиот батаљон на специјалците од Шестиот одред, ќе купиме делови и ќе ги одржиме материјалите и военотехничките средства во военото воздухопловство и во оклопно-механизираниот баталјон, затоа што колку што сме запознати од печатот делумно, делумно од одредени интервенции кои доаѓаат до нас како политичка партија од Министерството за одбрана и конкретно од Армијата на Република Македонија, основната забелешка е дека дневниците не се исплаќаат ..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Трендафилов, ве молам да се држите до точката.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Да, за тоа зборувам, затоа што се остварува заштеда од 50 милиони  евра, тоа се зборови на министерот за финансии.

Можеби министерот сакаше да каже и тоа  дека средствата за одбраната, дел од оваа заштеда ќе биде насочена и кон Министерството за одбрана, односно Армијата на Република Македонија, затоа што на министерот за финансии верувам дека му е апсолутно јасно дека примарна обврска на Владата на Република Македонија е да ги одржува и унапредува функциите на државата, значи на Република Македонија и да создава амбиент за просперитет и благосостојба на граѓаните на Република Македонија.

Што се однесува до онаа саркастична забелешка во однос на евентуалните пенали кои Република Македонија би требало да ги плаќа според последните информации кои ги слушнавме од ондонскиот суд, верувам дек аминистерот за финансии нема да има  проблем околу обезбедување на средствата, со оглед на тоа што Владата чија политика тој кажа дека овде ќе ја брани, доста добро се снајде со увозот на нафтените деривати, така што можеби гледале чекор понапред и имале одредени сознанија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Трендафилов, по втор пат ве опоменувам.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Следен дискутант е г-динот Абдулади Вејсели.

(Г-динот Вејсели веднаш не отпочна со дискусија)

Г-дине Вејсели, има некој проблем со техниката?

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Не, вие ќе ме слушате.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Да, да.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Не гледам дека сте ставиле слушалки.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Вејсели вие дискутирајте за тоа што сте пријавени. Можеби јас ќе ве разберам од каде знаете?

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Не знаев дек аможеби разбирате, добро.

Почитуван претседавачке, почитувани колеги и колешки пратеници, почитувани претставници на Влада,

Иако малку  му даваме значење на овој проблем, мислам дека е закон кој што е многу значаен, посебно кога станува збор за данокот на добивка, со кој отпочеток можеме да речеме дека сме имале проблеми од независноста на Република Македонија, затоа што неколку пати сме имале високи даноци во тој правец и владите како што доаѓале една по друга се обидувале секогаш да направат олеснување во овој правец, за да имаме егзактно претставување на крајот на годината, меѓутоа, еве не сме успеале.

Мислам дека овој Предлог закон за измена и дополнување на данокот на добивка треба да се прифати од пратениците, без оглед што некој мисли дек аможе да се најдат и други подобри начини. Меѓутоа, мислам дека во моментов овој Предлог ќе биде прифатлив, затоа што секое олеснување што им се прави на економските субјекти треба да се прифати и подржи од пратениците, затоа што ќе се подржи на тој начин и од граѓаните и мислам дека секој граѓанин кој што чувствува олеснување од законските проекти кои поминуваат во Парламентот, тоа е во нивна добивка а не во нивна штета.

Денес во Парламентот не видов дека се разговара за законот кој што е предложен, туку се претвори во политички пазар каде што секој прави  свој маркетинг за одбрана на своите позиции,  за тоа кој бил подобар и кој бил полош.

Ако ги анализираме минатите периоди, ќе видиме дек анавистина економските субјекти беа поошттетени од поранешните влади. Можам да речам дека оваа Влада направила многу поради времето во кое е на власт, меѓутоа и поради околностите кои постоеле, политичките причини и затоа мислам дека многу малку имало време да направи нешто и во економскито сегмент, да направи нешто повеќе и за граѓаните на Република Македонија.

Навистина сакам да нагласам дека сме во тешка економска состојба. Никој не може да ме убеди дека нешто почнало да се движи. Можеби има ситни знаци кои не влијаат на тоа општото, меѓутоа мислам дека е потребна уште многу работа, сериозна работа за да с е постигнат тие параметри на макроекономскат аполитика на која сме обврзани ние како Влада, меѓутоа, тукане сакам да го оспорам и Парламентот, кој без оглед на партиските ставови, спротивставувања, согласувања мислам дека по економското прашање треба да разговараме по сериозно,

консултирајки експерти од оваа област и одејки до таму да направиме нешто што ќе биде добро за економските субјекти. Знаете дека во ова врем екуповната моќ е падната на минимум. Таа паднала поради невработеноста, отпуштањата на работниците, затворањето ан економските субјекти, на големите економски субјекти. Иако и јас сум бил еден од тие што ги промовирал малите и средните претприајтија, сепак, тие нема да ги дадат потребните резултати. Малит еи средните претпријатија ќе бидат  семеен бизнис колку за обезбедување егзистенција, меѓутоа, никогаш не можат да ги стигнат големит еекономски гиганти и субјекти, како што се наброените во Европа.

Затоа, треба да нарпавиеммаксимални обиди нашата инвестиција и ангажираност да биде и во правец на подржување на големите економски субјекти, затоа што тие се иднината на една земја, неоспорувајки ги и малите и средните претпријатија или семејните бизниси.

Сакам да нагласам дека тоа што е предложено денес во Предлог законот за даночни олеснвуања што се прават на економските субјекти ако тие инвестираат во движнини и недвижнини, ние како ПДП ова го прифаќаме, за нас е прифатливо потполно и во овој правец ќе видиме како тоа ќе се направи во практика и ако има шанси треба да се најдат и други механизми кои ќе помогнат во даночно олеснување на економските субјекти, за да с енаправат што поголеми инвестиции во оваа област.

Овде се појавија многу дилеми дали има или нема инвестиции во Република Македонија. Во моментот ког анема куповна моќ и циркулација на пари, немојте да мислите дека инвестициите ќе дојдат и ќе одат така како што мислиме ние, туку треба да создадеме елементарни услови за да са подигне граѓанскиот стандард, да се вработат луѓето кои не се вработени, меѓутоа, тие ќе се вработат инвестирајки и ќе се инвестира повеќе ако има олеснвуања во данокот , како што е овој данок на добивка. Меѓутоа, утре ќе треба да направиме обиди и во другите  видови даноци, да се направат олеснувања за оние економски субјекти кои навистина сакаат да инвестираат, затоа што со инвестирање ќе се постигне и зголемвуање на бројтона вработенив о тоа претприајтие и ќе се подигне стандардот на работниците, за да може во иднина да се подигне и куповната моќ на граѓаните.

Во овој правец, сакам да го искористам присуството на министерот за финансии, истовремено и потпретседател на Валдата, кога се разговара за албанските економски претпријатија имаме многу забелешки, посебно во банките на Република Макеоднија. Неколку пати сме ја нагласиле оваа проблематика, меутоа

кажано е на декалративен начин дека во овој правец ќе се чувствуа еднаквост и во економијата. Меѓутоа, од средбите и консултациите со сопствениците на разните економски субјекти јасно се гледа дека и понатаму се оставаат или одбиваат од банките на Република Македонија. Имам и список кој не би сакал да го споменувам на оваа седница, меѓутоа за ова ќе го запознам и министерот за финансии и воопшто Владата, за големиот отпор кој се прави на граѓаните или менаџерите кои се албанци, или пак на тие што стопанисуваат со албанските претпријатија, без оглед дали се мали или средни претпријатија.

Второ, имаме многу големи проблеми со царините во Република Македонија. Има еклатантен пример кој може да се случи смао во Република Македонија и никаде на друго место. Истата роба се царини од цариниците со нееднаква цена. Значи два камиони, едниот е македонски импортер, а другиот албанец, едниот плаќа 5 илјади евра за царина, другиот плаќа 25 илјади евра.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Мислам дека ова е сосема надвор од точката што е на дневен ред. Јас ве молам да се држите до точката на дневен ред, а ког аќе дискутираме за некој закон кој ја третира царината или третманот на цариниците тогаш да дискутирате.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Има ли можност еднаш кога ќе дискутирам веи да не се вклучите во таа дискусија, во полемика. Може ли така?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас незнам дали некогаш сум се вклучила, јас прв пат сега ви реагирам.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Госпоѓо претседавач, ова не ви е првпат и сакам да биде последенпат. Ако сакате да реплицирате, говорницата ви е долу.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Вејсели, бидете пристоен, ве молам, ова е првпат да ве прекинам за точка на дневен ред.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Јас сум многу пристоен, а вие сте непристојна веќе 7 месеци. Зошто на другите не им го скратувате тоа право? Што реков јас лошо во овој правец.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам, за доброто на колегите пратеници.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Што реков јас лошо во овој правец? Зашто ги промовирам и бранам интересите на граѓаните?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Вејсели, вие едноставно не се држите до точката на дневен ред.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Еве продолжете вие, место мене.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Вејсели дали тао значи дека ја завршивте вашата дискусија.

Тогаш одиме со следниот пријавен, господинот Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Работејќи денес и расправајќи по Предлог законот за измени и дополнувања на Законот на данокот од добивка, мислам дека во целина се излезе од концептот во кој дел треба да се води дискусијата.

Сакам да укажам дека сите пратеници во целина дадоа поддршка на законот, што лично и јас како таков го поддржувам, бидејќи истиот дава можности правните субјекти во РМ кои остваруваат добивка во своето работење, еден добар дел од добивката да ја вложат во инвестиции, се бараат поволни состојби, што сметам и те како е корисно, бидејќи се дава поттик за инвестирање.

Сите сме свесни дека инвестирањето во РМ е на многу ниска лествица. Свмесни сме дека во РМ има многу недостатоци во однос на тежината на животниот стандард на граѓаните, дел од пратениците, дискутирајќи по овој проект, по однос на намалување на даноците се осврнаа малку пошироко, сето тоа, во еден контекст, Владата односно Министерството за финансии преку министерот да имаат предвид и некои други олеснувања.

Мислам, како позицијата така и опозицијата овој закон ќе го поддржи и непотребен беше  конфликтот што претежно го иницираше и самиот министер по одредени дискусии на пратениците. Во тој правец сакам да укажам дека министерот исклучиво треба да се држи на одбрана на законот, а на другите правокации од страна на пратениците, неможе да се впушта и да одговара на сите прашања. Различна е улогата на пратеникот и на министерот и не би требало во иднина во тој

дел да настануваат непотребни дискусии. Министерот како да ја бранеше цела Влада. Ние не дискутиравме за Владата, не се водеше расправа дали Владата ја исполнила својата програма или не. Од тие причини, во иднина, не само министерот Гошев и другите министри исклучиво треба да се држат на самиот проект и најмалку е корисно тие да влегуваат во конфликти и да одговараат на прашањата кои се надвор од текстот, а доколку пратеникот излегува од контекс на самата точка, тоа го прави претседателот или тој што ја води седницата.

Сметам дека непотребно досега ја одлагаме работата во еден погрешен правец.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јави господинот Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Мислам дека е нормално, опозицијата да кажува дека има фалинки, гледајќи дека еден ваков закон кој во изминатите години, на подолг период, во ова Собрание не се усвои ваков или сличен закон кој значи поттикнување на инвестициите во РМ и кој значи подобрување на состојбата односно создавање на амбиент во стопанството. Тоа можеме да го негираме да го кажуваме овде со неаргументирани изјави но тоа е факт. Затоа само од тој аспект ги прифаѓам дискусиите на опозицијата, еве, да се негира нешто што е најдобро предложено.

Сакам да кажам конкретно некои работи по самиот закон.

Прво, ние треба да бидеме свесни дека инвестирањето не застанало во овие 4,5,6 месеци во оваа година, туку инвестирањето во РМ, посебно во стопанството, ако го исклучиме она што и господинот министер го кажуваше каде што државата се кажуваше како главен инвеститор. Инвестирањето во РМ е замрено повеќе години наназад. Како аргумент за ова може да кажат и оние кои во овој момент сакаат да ги критикуваат само овие 6 месеци. Нека кажат. Јас сум од Битола и не памтам кога во Битола се отвори макар и еден погон и тој лимит што е од 100 илјади евра. Нека кажат господата од опозицијата, бидејќи велеа дека се инвестира, нека кажат кој објект од стопанството во изминатите четири години го предадоа во свечена употреба освен она кога пред избори сакаа да сечат ленти на оние објекти кои после тоа не проработија. Но, уште еднаш ќе повторам тоа е составен дел на парламентарната работа и составен дел е на тоа, опозицијата да гледа и на еден таков начин.

Од друга страна, неспорен е фактот, она што го зборуваше и министерот дека во овие 7-8 месеци се создаде амбиен во РМ од страна на она што се надлежност и

на државата. Колку е тоа и дали може уште повеќе, сигурно дека може и дека тоа во иднина ќе следи, но факт е дека кај стопанските субјеки се создадоа услови за финансирање. Тука е нашата основна концепциска разлика со опозицијата која што во минатото ја гледаше државата како главен инвеститор во РМ, а нашата концепција е обратна, стопанството да биде тоа кое ќе биде главниот инвеститор.

Дали се каматите многу или малку намалени, но од 17% на 12% оние кои се во стопанството можат да кажат колку е тоа. Сега автоматски некој може да рече, тоа не го направи државата. Факт е дека го направи, со системските закони од областа на економската сфера, кои се донесоа во овој период и кои придонесоа максимално да се постигнат тие резултати.

Понатаму, дали тој лимит е малку или многу, лимит од 100 илјади евра, бидејќи овде се отвори прашањето.

Во овој период, имајќи ја предвид финансиската моќ на нашите претпријатија и вложувањата кои досега се направени,јас сметам дека тој лимит во овој момент е доволен и со оглед на тоа што втората скала што се предвидува во процент од 30% на оние кои ќе бидат над 100 илјади евра, сметам дека државата односно Владата направила максимален напор и уште еден потег, откажувајќи се од дел на своите приходи, што значи ја покажува и втората позитивна страна на овој закон, што е како резултат на штедењата кои се направени во Владата.

И на крајот би звршил со тоа, дали имаше или немаше врска спомнувањето на ОКТА.

Господа пратеници, јас се чудам, првин тргнувам од себе па и од сите други, што ние како пратеници недела дена тоа го читаме по весници, а не покренавме иницијатива за расправа во овој Парламент. Ако за некого 17,5 милиони долари не значат ништо јас ќе направам само една споредба. Оние повозрасните сеќаваат и јас по малку се сеќавам, во комунизмот или во социјализмот, тоа време што милуваме да го критикуваме,кога нешто ќе се случи граѓаните да и помогнат на Република Македонија одвојуваа еднодневна заработувачка. Еве сега, пресметано, тие 17,5 милиони евра значат дека некој со некоја одлука го оштетил буџетот на РМ односно го украл секој граѓанин на РМ со 8 долари. И сега секој граѓанин..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Најдовски, се извинувам ама и тоа е надвор од дневниот ред.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКи:

Ја прифаќам вашата сугестија, но сакам само да кажам дека една од причините за намалената инвестициона активност се такви пари што мора од

буџетот да бегаат настрана, што мора да се покриваат најразлични дупки создадени во минатото и заради тоа ќе го немаме та инвестирање. Ако на некого не му одговара да се отворат тие прашања тоа е нивни проблем.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Прво сакам да им сугерирам на неколку колеги пратеници кои инсистираат овде во Собранието да ја коментираме Одлуката на Лондонскиот суд.

Се додека не завршат сите постапки, би било најдобро, заради достоинството на законодавниот дом да се поштедиме и себе си и јавноста од коментирањето на таквите тврдења затоа што, веднаш, најлогично е, на човек му паднат на памет истите или сличните тези, неколку години наназад практично од приватизацијата на Македонскиот телеком, одредени во тоа време опозициони пратеници, сега и како поддржувачи или членови односно дел од парламентарното мнознство истата теза ја зборуваа,што се однесува и до продажбата на Македонските телекомуникации. Со оглед на завршницата дека Агенцијата за приватизација освои награда за најдобра инвестиција во Југоисточна Европа, значи за најисплатлива инвестиција, се додека владините институции, парламентарното мнозинство на Владата во Собранието на РМ, не се усогласат по неколку точки, каков став ќе зземат би им сугерирал да не зборуваат, да се воздржат од коментари затоа што во ова разногласие веќе се сомневаме и во она што е премногу очигледно.

Што се однесува до инвестициониот циклус кој беше превземен во Република Македонија, во времето на Владата на господинот Георгиевски, јас би го потсетил господинот Најдовски дека доста внимание се обрна токму на неговите граѓани од Битола, пред се по однос на решавањето на случајот со штедилницта “ТАТ” издавањето на државните сертификати, нивната тогашна вредност и нивната сегашна вредност. Би го потсетил исто така дека во тоа време “Југохром” и “ФЕНИ” почнаа да работат, дека одредени состојби во сферата на земјоделското производство беа далеку подобри отколку што се сега и одредени сегменти од земјоделското производство беа нормирани основните постулати, или со еден збор создаден амбиент во кој ќе може да се развива понатаму производителството во областа на земјоделството, односно во секој поглед, амбиент, значи правила на игра, рамка во која понатаму Република Македонија ќе инвестира, Како ќе инвестира и како инвестира тоа е веќе работа на Владата на Република Македонија, односно ресорното министерство и на земјоделските производители.

Исто така би потсетил на пример во поглед на инвестиционите циклуси дека само во градот Велес и постарите велешани одамна заборавиле кога последен пат се граделе од страна на државата деловни објекти или станбени објекти, кога последен пат се инвестирало, како што беше спомнато во предизборната кампања можеби за господинот Најдовски, за битолчани многу не значи но за велешани мислам дека значи тоа што конечно добија во вредност од три ипол милиони евра трафостаница која служи за дистрибуција на струјата во поширокиот дел од околината на градот Велес.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас се извинувам трите минути истекоа.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Јас ве разбирам, но мислам дека  е крајно некоректно и практично како со затворени очи да бил во изминатите 4 години господинот Најдовски.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Трендафилов, јас се извинувам ќе морам да ви го одземам зборот.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФЛОВ:

Во ред.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика на репликата има господинот Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Прво, господине Трендафилов, можете на било кој да му префрлите за ТАТ, само мене не може да ми префрлите, бидејќи кога бев пратеник во претходниот состав на Парламентот во периодот од 1994 до 1998 година, предлагав законски решенија  кои и вие како тогашна опозиција ги поддржувавте, но веднаш кога дојдовте на власт се откажавте и не ги исполнивте. Тоа е околу ТАТ.

Второ, прашањето околу инвестициите.

Јас не сакам сега овде да објаснуваме што значи инвестиции, што е тоа што вие сега го спомнувате.

Третото прашање околу Лондонскиот суд и сакам да ви го кажам следното:

Не дај боже повеќе да се жалиме. Од она што можевме да прочитаме со оглед на тоа што вашиот договор потпишан со ОКТА е таен, од она што можеме да прочитаме во весниците. Ќе повторам, не дај боже да се жалиме.Колку повее се жалиме, односно ОКТА се жали сега во име на Македонија, незнам од каде тоа така

потпишавте, колку повеќе се жали како жив песок, толку поголеми камати плаќаме и ако се жалиме повеќе, ако се сега 17,5 милиони долари, граѓаните на крајот можеби ќе плаќаат и 30 милиони долари.

И околу Телекомот ќе ви кажам, немој да се фалите. Најпрофитабилна фирма која што постоела во историјата на Македонија, тоа е ОКТА, ја продадовте за најмалку пари. Не е моментот сега, кога сакате околу тоа можеме да дискутираме и со економски параметри можам да ви докажам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Пријавени се двајца пратеници, господин Блаже Стојановски и господин Илија Србиновски.

Дали сте за дискусија или за реплика.Ако е реплика да завршиме, па потоа да одиме на пауза.

Значи господинот Илија Србиновски се јавува за реплика а господинот Блаже Стојановски се јавува за дискусија. Дискусијата ќе остане после паузата.

Господине Србиновски, повелете за реплика.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Сакам да му реплицирам на господинот Најдовски односно да му кажам дека до пред 4 години до уши во кал беше во Кравари, а ние кога дојдовме на власт Кравари го направивме градче. Сите училишта беа оронати а ние сите тие училишта ги реновиравме.

Понатаму Најдовски спомнува ОКТА, меѓутоа да му кажам дека 100 милиони марки грабеж се направи во Битола, и Битола уште претставува пустош.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика на репликата има Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Мислам дека не е моментот да ја злоупотребуваме говорницата.

Јас да му се заблагодарам на господинот Србиновски што ме потсети за Кравари, само да му кажа дека краварци се вредни луѓе и многу способни. Се што си направиле си направиле со самопридонес. Тоа краварци можат да си го докажат.

Околу прашањето за 100 милиони грабеж што е направен во Битола, јас реков, моето мислење одамна го имам кажано во врска со ТАТ. Спремен сум јас лично за својата одговорност, со оглед на тоа што тогаш бев пратеник, да разговараме и да одговарам. Но господине Србиновски подгответе се и вие и вашите пријатели и сопартијци и тие кои биле на видни позиции предложени од ВМРО-ДПМНЕ, нека се подготват и тие да излезат за ТАТ и да одговараат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Блаже Стојановски се предомисли ќе има реплика, нема да има дискусија.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Не очекував дека министрите ќе имаат адвокати во овој Парламент, меѓутоа се гледа, кога тој не дава реплика како министер, тогаш се јавува пратеник да застане во негова одбрана.

Кога се вели дека се заштедуваат пари од страна на Владата, тоа значи дека остануваат пари. Меѓутоа, основното прашање што треба да се постави е како тоа се прави, кога една фирма плаќа исти односно поголеми давачки отколку оние што ги плаќала претходно кон државата, истовремено државата има целосно замрена инвестициона активност. Инвестиционата активност во стопанството во целина не постои, додека увозната ориентација на државата е основната активност која се спроведува во овој период од доаѓањето на власт на новата влада.

Кога приватизацијата 90% беше завршена до 1998 година, а сега уште се вадите на ОКТА или на не знам кои други приватизирани претпријатија кои што беа со огромни загуби во моментот кога во ж998 година ја предадовте власта како тогашна опозиција, сметам дека е невкусно да се манипулира со народот и да се зборуваат такви работи, затоа што навистина ако треба да се зборува, треба да се зборува со аргументи. Немојте да ги спомнуваме ние цели списоци од најмалку 80 фирми, кои што многу успешно работеа до 1998 година, се приватизираа, на кој начин се приватизираа, колку пари влегоа во државата, заради тоа и на кој начин тоа беше направено. Јас се надевам дека тоа ќе беше добро, доколку беше транспарентно, доколку беше онака како што сега истите луѓе тоа се залагаат да го прават. Затоа, за она што се зборува сега, утре сите ние сакаме да инвестираат во Република Македонија. Меѓутоа, прашање е каде ќе инвестираат, каде ќе појдат тие средства и со тие средства што ќе се постигне. Дали навистина ќе се обезбедуваат нови вработувања, кои што ги ветувавте на 15 септември, или пак зборувавте за намалување на товарот кој што го има државата за јавната администрација, а од друга страна неправите апсолутно ништо за реално заживување на стопанството. Доста се вадевте со претходната Влада, туку земете малку и работете.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Една минута реплика на г. Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господинот Стојановски изгледа не беше на почетокот на мојата дискусија. Мојата дискусија не беше реплика на некого, туку беше дискусија. Така што, вашиот прв впечаток е погрешен и не се јавив во функција да реплицирам во име на министерот, бидејќи министерот Гошев е доволно способен и не му требаат луѓе како мене да го бранат, затоа што тој може самиот да се одбрани. Тоа е првото прашање.

Втора работа, вие сакате да истакнете дека до 1998 година биле 90% приватизирани фирмите. Тоа е доста дискутабилно и можеме да го отвораме тоа прашање, треба подолго време. Но, само едно ќе ви кажам господине Стојановски. Во 1998 година очекував кога ВМРО-ДПМНЕ дојде на власт дека ќе ја преиспита цела приватизација што беше до 1998 година и дека сите оние што биле незаконски приватизирани ќе ги поништи и ќе влезат во редовна процедура. За жал, ме разочаравте, со тоа што тоа не го направивте. Не само вас, секој го поддржувам лично јас, бидејќи не сум учествувал во ниедна приватизација, иако имам 18 години работен стаж, не само вас и оваа и било која власт ќе ја поддржам да ја преиспита приватизацијата. Но, не ја преиспитавте, заради тоа што голем број на ваши луѓе беа вмешани во дел од таа приватизација и голем дел од ваши луѓе после 1998 година направија најкриминална приватизација. Инаку, целосна поддршка од мене лижно ја има секој што сака да ја преиспита приватизацијата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас сакав да го затворам претресот, меѓутоа, сега е 14,07 минути, па дали сакате да завршиме со репликите, да го затвориме претресот, па потоа да одиме на гласање.

Штом колегите инсистираат на пауза, тогаш во 15,10 минути продолжуваме со работа.

(По паузата)

Продолжуваме со работа.

Се наоѓаме сеуште на точката 4 од дневниот ред, на Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка, со Предлог на закон.

Имавме дискусија на г. Слободан Најдовски. Потоа имаше реплики. Господинот Жарко Караџоски, беше пријавен за реплика, меѓутоа, не го гледам во салава. Следните се одјавија и дали тоа значи дека нема други за дискусија.

Господинот Спиро Мавровски повторно се јавува за дискусија или за реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас мислев да реплицирам и да имам дискусија, но гледам господинот Гошев ја напушти салата, па затоа се откажувам од мојата дискусија во интерес на побрзо завршување на расправата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господинот Жарко Караџоски се откажува од дискусија.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклчувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот од добивка.

Ве повикувам да гласаме.

Ги повикувам сите колеги пратеници да влезат во салата, за да може да пристапиме кон гласање.

Ги повикувам колегите во Собраниево што се наоѓаат да влезат во салата, да можеме да гласаме.

Ги молам службите ако може да не известат точно колку пратеници има во салата.

Уште еднаш ги повикувам пратениците што се наоѓаат во зградата на Собранието да влезат во салата за да можеме да пристапиме кон гласање.

Кворумот е обезбеден.

Ве замолувам да гласаме за заклучокот.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 57 пратеници, за гласале 56 пратеници, 1 воздржан.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Инаку, присутни се 64 пратеници.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 59 пратеници, сите за.

Констатирам дека е усвоен и предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Андреј Жерновски поднесе амандмани на член 1 за додавање нов став 4 по став 3 и на став 4 за додавање нов член 2-а по членот 2, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Аднан Јашари поднесе амандман на член 1, став 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за додавање нов став 4 по ставот 3 и на став 4 поднесен од пратеникот Андреј Жерновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Амандманот станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 2-а по членот 2 поднесен од пратеникот Андреј Жерновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА

Благодарам и овој амандман станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 1, став 1 поднесен од пратеникот Аднан Јашари.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА

Дали некој друг бара збор.

АДНАН ЈАШАРИ:

Уште еднаш ќе се обидам да дадам едно дополнително објаснување зошто го поднесов овој амандман.

Како финансиски инспектор односно како даночен инспектор во едно време од 7 години, значи имам 7 годишно искуство како таков и секогаш во текот на контролата на данокот на добивка, сме се соочувале со проблеми и мислам дека доколку се оди вака како што е формулирано со членот 1, став 1 ќе се предизвикаат дилеми кај даночните инспектори, затоа што оваа формулација како што е направена е со широко значење. Два три збора ќе кажам зошто го поднесов овој амандман. Го предложив за да се конкретизира, да се искаже дека даночно олеснување ќе има доколку се работи за инвестиции во основни средства, а вака како што се предвидува од страна на министерството односно од Владата, не се подразбира само даночно олеснување за инвестиции во основни средства, туку има многу пошироко значење. Затоа, во оваа насока би поставил едно конкретно прашање. Дали ќе има даночни олеснувања доколку еден даночник инвестира во купување на градежно земјиште за изградба на куќа за живеење, а не во изградба на некој деловен простор.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклужувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 67 пратеници, за 18, воздржано 6 и против 43 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 став 1 поднесен од пратеникот Аднан Јашари.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклужувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 71 пратеник, за 69 и 2 воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка.

Минуваме на точка 5 - Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Црна Гора за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, нелегалната трговија со наркотички дроги, психотропни супстанции и прекурсори, нелегална миграција и други кривични дела, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлог на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави пратеникот Нелко Стојановски.

НЕЛКО СТОЈАНОВСКИ:

Неколку збора е добро да се каже.

Почитувана госпоѓо потпретседател, почитувани членови на Владата, почитувани колеги пратеници,

Пратеничката група на ЛДП ја поздравува одлуката на Владата за засилување на соработката и координацијата со соседните земји односно на органите кои што се одговорни за одржување на јавниот ред, спречување и борба против тероризмот, организираниот криминал, нелегалната трговија со наркотични дроги, психотропни супстанции, прекурсори и други кривични дела. Чувствувам потреба во оваа прилика да истакнам уште неколку факти, кои ја потврдуваат потребата од донесување на ваков закон во борба против ваквите социо патолошки појави од потежок вид.

Република Македонија веќе втора деценија е зафатена со радикални општествено - економски и политички промени. Тие промени во голема мерка го изменија начинот на живеење, системот на вредности и воопшто целокупниот амбиент кај нас. Тоа што посебно треба да го истакнеме е фактот што тие промени требаше да бидат пат кон прогрес и кон повисок животен стандард. Меѓутоа, иако несомнено дојдено е до поголема демократизација, особено во политичкиот живот, во економската свера може дури и да се констатира извесен регрес или назадување

манифестирано како осиромашување на голем дел од население, безработица, пропаѓање на голем број претпријатија и слично. Тоа имаше за последица и пораст на сите видови девијации, како што се самоубиства, алкохолизам, наркоманија, проституција, криминалитет и слично.

Кога го донесувавме законот за ратификација за соработка во овие области со Бугарија, говорев дека тероризмот, организираниот криминал, нелегалната трговија со дроги и оружје, не претставуваат локална закана за некоја држава или помал регион, туку дека претставуваат меѓународни проблеми, со кои е соочена светската заедница и заради тоа треба да се здружат напорите и соработката меѓу државите како би им се застанало на патот на овие современи зла.

Меѓу посериозните проблеми од овој вид и кои последните години зедоа дури зачудувачки размери се тероризмот, организираниот криминал и легалната трговија со дроги и оружје, нелегалната миграција и други. На ваквата состојба, како што истакнав и во една друга прилика, особено и погодува процесот на глобализацијата, кој започна со трговијата и транспортот, а особено забрзување доби како резултат на комуникациската и информатичката револуција. Со тоа државите се најдоа пред нов предизвик да не можат да ги контролираат протокот на добра и луѓе преку нивните граници. Државите во транзиција се сретнаа со големи предизвици да се справат со меѓународните закани од криминалните мрежи, кои се стремат кон максимизирање на можностите за нелегален бизнис и профит и минимизирање на ризиците од активностите на органите за заштита на законот. Ова би го нарекол темна страна на глобализацијата, бидејќи на овој начин беше олеснет трансферот на добра, луѓе и пари, но и беше олеснета трговијата со дрога, оружје, странци, со нелегален престој, рапидно ширење на валкани пари, платени убијци, терориски и криумчарење на секаков вид, дури и на нуклеарен материјал.

Република Македонија, наоѓајќи се во централниот дел на Балканот не ја одмина и проблемот со пораст на трговијата со жени, кои или транзитираат кон западните поразвиени, побогати земји, или пак нашата држава претставува последна дестинација и шанса за заработка на жените и нивните подведувачи од земјите на Источна Европа, кои ќе ги ангажираат како проститутки најчесто во Западниот дел на Македонија. Треба да го спомнеме и фактот дека одреден број на македонски жени се заминати на Запад и се западнати во синџирот на трговијата со бело робје. Нивните очекувања најчесто се изневерени, нивните шанси за полесен и поубав живот дефинитивно се пропаднати, а тие на крајот сваќаат дека треба да платат многу висока цена за својата авантура и непромислена одлука.

Меѓутоа, според моите сознанија и проценки за Македонија не е толку карактеристична националната трговија со жени, туку интернационалната. Во нашата држава најчесто нелегално престојуваат голем број странски жени, особено тој проблем е истакнат во последните 5, 6 години и главно е лоциран во Западна Македонија. Според официјалните податоци досега се протерани неколку илјади жени од Молдавија, Романија, Украина, Русија, Белорусија, Бугарија, Србија и Црна Гора и слично, кои се ослободени од специфичното ропство во кое западнале. Но, колкава е бројката на сеуште ангажирани жени од источните земји како забавувачици, келнерки, шанкерки, собарици или слично, а кои главно се занимаваат со проституција, бидејќи тоа е многу вносна професија, не е познато. Се работи за темна бројка, која може да се претпостави на основа на досега откриените случаи и локалите каде, главно, се ангажираат и искористуваат. За трговијата со жени постои интернационална конвенција уште од 1910 година која предвидува репресија, екстрадиција и казнување на подведувачите. Но, оваа појава не само што не е искоренета до денес, туку добила и пошироки димензии. Заради тоа е потребна поголема соработка и координација меѓу државите во сузбивањето на овој вид современо ропство. Злоупотребата и трговијата со droги, исто така, е во загрижувачка експанзија и предизвикува криминал, што се повеќе зема замав со меѓународни обележја, заради што и неговото откривање бара заедничко организирани и координирани мерки на субјектите задолжени за негово откривање.

Криминалот во врска со злоупотребата на дроги е во постојан раст и има карактеристики на организираност, конспиративност, голема профитабилност и регионален европски и светски димензии. Во тој контекст е и поврзаноста на овој вид криминал со организираниот криминал.

Покрај спомнатите многу сериозен проблем претставува и организираниот криминал. По дефиниција организираниот криминал е дејност на криминални организации во дослух со полицијата, судството и извршната власт и со примена на насилство го чуваат монополот, или приоритетот во некоја дејност често од стопански вид која има и која им носи голем профит. Организираниот криминал не знае за граници и криминалните организации настојуваат да се вградат во постојните системи и да влијаат преку свои луѓе во државните органи преку давање дозволи за крупни зделки и корумпирање на важни функционери. Покрај тоа, карактеристики на организираниот криминал се хиерархиска организација која му овозможува на водачот да ја контролира групата, законот на молчење и заплашување со кои се штитат од законот насилството, можноста за експанзија кон

нови активности и надминување на националните граници во заедништво со други транснационални групи заплашување и корупција со кои се користат за остварување профит неопходен при проширување на криминалните активности и инфилтрирање во легалната економија. Се разбира дека можеме само воопштено да зборуваме за организираниот криминал, бидејќи за него тешко се прибираат податоци. Меѓутоа, постоењето на криминални дела од типот на изнудување пари за заштита која не е барана, или познато како рекет, трговија со droги и со оружје, подведување на проституција и трговија со бело робје, искористување на даночни и царински бенефиции, шверцот со злато, цигари, автомобили, перењето пари, убиства по порачка, терористички акции и слично, укажува дека овој вид криминал постои во нашата земја, дека се покажува како исклучително штетен и го нагризува општеството економски, безбедносно и во секој друг поглед. Заради големата општествена опасност на делата од ваков вид сметам дека потпишувањето на ваков договор ќе придонесе за поефикасно спречување и откривање на ваквите кривични дела и пратениците од Либерално - демократската партија ќе го поддржат донесувањето на овој закон.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор госпоѓа Елеонора Петрова-Митевска.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА-МИТЕВСКА:

Почитувана госпоѓо потпретседастел, почитувани претставници на Владата, почитувани колешки и колеги пратеници,

Денеска имаме точка на дневен ред - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Црна Гора за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, нелегалната трговија со наркотички дроги, психотропни супсанции и прекурсори, нелегална миграција и други кривични дела, со Предлог на закон. Во него се пропуштени други дела, пропуштени се, да се набројат илегалното производство, трговија и поседување на експлозиви, огнено оружје и муниција, хемиски, биолошки, атомски и радиоактивни материјали, се разбира посредување во вршење проституција, трговија со луѓе со цел за сексуална експлоатација, трговија со луѓе, трговија со жени и деца и присилна проституција. Сметам дека е особено важно што денеска го имаме како точка на дневен ред ратификацијата на овој договор помеѓу владите на Република Македонија и на Република Црна Гора,

бидејќи е особено важно во оваа сфера, на тероризам, организиран криминал, трговија со луѓе да се воспотави една регионална соработка бидејќи само со регионална соработка може да се смали, или тотално да се уништи појавата на овие дејства кои што попречуваат нормално функционирање на една држава.

Тука би сакала да укажам на повеќе елементи кои што ми го привлекоа вниманието, но особено сакам да укажам на меѓународниот аспект на потпишувањето на овој договор, бидејќи интересот за оваа сфера, особено гледано регионално во поголем број држави во регионот не е само интерес на Република Македонија, или на Република Црна Гора како што е во случајот, туку е во сферата на интерес на поголем број меѓународни организации. Скоро со исти наброени теми, односно со исти криминални дејства, тероризам, организиран криминал, илегална трговија со наркотички средства, потоа илегално производство на огнено оружје и муницијас и поседување на оружје, се разбира трговија со луѓе, со деца, со жени и присилна проституција биле тема и на Конвенцијата на ООН за транснационален, против транснационален криминал со протоколите кои што беа во сферата на интересот и на Клубот на пратеничките од овој Парламент кој што во два наврата на неколку семинари полудневни и целодневни семинари се бавеа со оваа тема, а особено со темата на трговија со луѓе, особено на трговијата со жени и деца и присилната проституција, сметајќи дека е потребно интересот на јавноста за оваа тема да се подигне на повисоко ниво, бидејќи ние од земја на транзит и од земја на дестинација полека, но сигурно стануваме и земја на потекло. Ми се чини дека кога стануваме земја на потекло, не стануваме земја на потекло кога станува збор за возрасни граѓани на оваа држава, туку станува збор за деца, бидејќи сите оние лица кои што се поврзани во оваа трговија со луѓе, односно со жени и деца, се малолетни, или се под 18 години. Затоа сметавме дека е особено важно да го свртиме вниманието на јавноста кон оваа тема и за таа цел организиравме како што веќе кажав два семинари на кои што поканивме претставници и од меѓународната заедница, претставници од ОБСЕ, претставници од ИОМ, претставници на Министерството за правда и претставници на Министерството за труд и социјална политика и се разбира од Министерството за внатрешни работи. Покрај интересот кој што меѓународната заедница го покажува за овој проблем и проблемот кој што е не само за нашата земја, туку поголем во регионални рамки. Сметаме дека со ратификацијата на конвенцијата на ООН со протоколите особено Протоколот со Палермо дека овој проблем барем малку ќе се намали, или ќе се реши. Република Македонија сега веќе е 38-ма земја која што е во подготовка да го потпише

договорот за ратидикација на конвенцијата за ООН за трговија со луѓе, за трговија со оружје, за транснационален криминал со протоколите. И сметам дека кога 40 земји ова ќе го потпишат, во рок од 90 дена тоа ќе стапи во сила, така што тогаш ќе можеме да сметаме на постабилен и помирен регион и се разбира на подобра ситуација во Република Македонија. Дека ова не е безначајна тема која што не ги тангира и европските земји, е случајот кон Советот на Европа кој што на последната седница во јуни токму го третираше проблемот на трговија за луѓе, особено на трговија со жени и деца и присилната проституција каде што бевме посочени како земја на транзит и земја на дестинација, меѓутоа се повеќе и како земја на потекло што претставува една додатна потешкотија, отежнувачка околност во нашето асоцирање во Европската унија. Затоа сметам дека на овој проблем треба да му се даде посебен акцент. И би сакала да го поздравам донесувањето на закон за ратификација на овој договор помеѓу Република Македонија и Република Црна Гора пред се заради фактот што сметаме дека со регионалната соработка во сите сфери ќе може да се допринесе до помирен и постабилен регион.

Од името на пратеничката група на СДСМ сметам дека навистина оваа ратификација треба да се прифати.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Црна Гора за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, нелегалната трговија со наркотички droги, психотропни супсанции и прекурсори, нелегална миграција и други кривични дела.

Ве молам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Гласале 66 пратеници. Сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Црна Гора за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, нелегалната трговија со наркотички дроги, психотропни супсанции и прекурсори, нелегална миграција и други кривични дела.

Преминуваме на точката 6 -  Предлог за донесување на закон за приватизација на градежно земјиште.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени.

Отворам претрес.

Ве молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за финансии господинот Димко Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Почитувана госпоѓо потпретседател на Собранието на Република Македонија, дами и господа пратеници,

Во оваа пригода би се задржал на некои аспекти од потребата за донесување на овој закон за целите што се постигнуваат и на некои аспекти и решенија во самиот закон. Ова со оглед дека предлогот оди во три фази, а сега во собраниската расправа започнува првата фаза. Најнапред би нагласил дека се работи за предлог за донесување на закон кој по својата природа има реформски карактер со што Владата на Република Македонија го задржува реформскиот правец во уредувањето на прашањата на државна сопственост. Имено, процесот на приватизацијата на општествената, односно државната сопственост во Република Македонија во повеќе сегменти е во завршна фаза, како што е случајот со

општествените станови и претпријатијата, или пак е во тек како што е денационализацијата на поранешната сопственост.

Градежното земјиште кое не е приватизирано е во сопственост на Република Македонија и на него во најголем дел постои право на користење на физички и правни лица кое право е дадено согласно прописите со кои била регулирана општеаствената сопственост. Тргнувајќи од уставната определба дека сопственоста создава права и обврски, Република Македонија кон градежното земјиште во нејзина сопственост треба да се однесува како и секој друг сопственик со сите права и обврски кои произлегуваат од сопственоста, а тоа значи дека државата како титулар на сопственоста има неприкосновено право да располага со земјиштето на начин за кој смета дека е најрационално за граѓаните и за државата. Според Уставот на Република Македонија тема на општествено - економскиот систем е приватната сопственост. Оттука, се она што не е потребно за остварување на функциите на државата треба да биде предмет на приватизација. Во таа насока градежното земјиште во државна сопственост на кое постојат кориснички права има потреба да се приватизира, а што е предмет на овој предлог за донесување на закон. Сегашниот сопственички статус на градежното земјиште не ги овозможува потребните економски ефекти и реализирање на темелната уставна определба, слобода на пазарот и претприемаштвото. Со приватизацијата ќе се постигне најрационално стопанисување со градежното земјиште пред се имајќи го во предвид слободниот промет, даночните ефекти од прометот и од правото на сопственост. Во однос на вкупното градежно земјиште, градежно земјиште во државна сопственост е доминантна категорија, бидејќи само дел од градежното земјиште е приватизирано. Заради ваша информација во моментов во Република Македонија неприватизирано градежно земјиште изразено во број на градежни парцели изнесува 132.362 парцели во вкупна површина од 451 милион 308 илјади и 642 метри квадратни. Бројот на градежните парцели и површината укажува на сложеноста и обемноста на процесот на приватизацијата на градежното земјиште. Меѓутоа, овој процес е неминовност и со предлогот за донесување на овој закон се даваат решенија како истиот да се спроведе. Се разбира, при ова ќе се земат во предвид и предлозите дадени во расправата кои се во функција на што поуспешно остварување на приватизацијата на градежното земјиште. Тргнувајќи од значењето на приватизацијата на градежното земјиште од чувствителноста и сложеноста на прашањата кои треба да се уредат определба е приватизација на градежното земјиште да биде процес во кој во постапката покрај она што е определено со

одредбите на овој закон соодветно ќе се применува и законот за општа управна постапка и правната заштита на имотните права и интересите на државата што ќе ги врши Јавното правобранителстов на Република Македонија. Решенијата во Предлогот за донесување на закон во однос на условите и надоместот за приватизација на градежното земјиште поаѓаат пред се од начинот за стекнување на државната сопственост на градежното земјиште и истиот е појдовна основа, критериум во определување на обврската за надомест. Имено, државата станала титулар врз сопственоста на градежното земјиште главно на неколку начини: Како континуитет на сопственоста од претходните држави, врз основа на закон и други општи акти, поединечни акти како реализација на присилни прописи, пресуди, правни дела и друго. Поаѓајќи од ова во случаи кога корисниците на градежното земјиште се лица од кои државата ја одзела сопственоста на градежното земјиште без одземање од фактичко владеење и без надомест, приватизација на градежното земјиште ќе се врши без обврска за плаќање надомест, бидејќи државата во однос на ова градежно земјиште немала и нема побарување. При определување на условите под кои се врши приватизацијата на градежното земјиште и се утврдува обврска за плаќање надомест, се поаѓа од фактот дали при доделувањето на градежното земјиште, односно преносот на правото на користење на градежното земјиште е платен надомест. Со овој закон се уредува како се смета дека постои обврска за плаќање надомест, односно таква обврска не постои. Со овој предлог за донесување на закон се предвидува можност за давање поволности при плаќањето на приватизацијата кога истата се врши со обврска за надомест. Поволностите се даваат во можноста за плаќање со денари, или со обврзници, во целост, или на рати, а ратите се годишни и можат да изнесуваат до 40. Доколку пак надоместот се плаќа во целост, Владата на Република Македонија може условите да ги направи уште поприфатливи давајќи соодветен попуст. При определбата за предлагање на вакви решенија во поглед на условите за плаќање на надоместот за приватизација на градежното земјиште се има во предвид и материјалната положба на граѓаните, заради што се изразува подготвеност цената и условите за надоместок да се направат достапни за граѓаните, а со тоа да се овозможи прифатлива приватизација. Висината на надоместок за градежно земјиште што е предмет на приватизација во зависност од местоположбата на земјиштето, намената на земјиштето, начинот на плаќање и можноста за стимулативни цени се предлага со пропис да ги определува Владата на Република Македонија.

Сакам да нагласам дека приватизацијата на градежното земјиште предвидена со Предлогот за донесување на овој закон не претставува обврска за досегашниот корисник а уште помалку присилба. Затоа е дадена можност ако корисникот не сака да го приватизира земјиштето, правото на користење да продолжи во вид на долгорочен закуп.

Висината на закупнината како и кај приватизацијата на градежното земјиште се предлага да ги определува со пропис Владата на РМ.

Тргнувајќи од уставната определба за грижата на РМ, за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните се предвидува право на времено ослободување од обврскаста за плаќање надомест за градежно земјиште, приватизација, долготраен закуп и времено право на закуп, но само за лица кои со акт на надлежен орган стекнале статус на корисници за социјална помош.

Со предлогот, постапката за приватизација на градежното земјиште и за утврдувањето на правото на долготраен закуп се пренесува, по барање на корисниците на градежното земјиште односно домашни физички и правни лица.

Ако постапката за приватизација не се окрене во рок од една година од денот на стапување во сила на Законот, по службена должност ќе се покрене постапка за утврдување на правото на долготраен закуп за градежно земјиште.

Со правосилното решение се стекнува правото на сопственост на риватизираното земјиште и тоа е основ за упис во јавната книга за запишување на правата на недвижностите.

Со посебните одредби се утврдени одредените специфични односи поврзани со приватизација на градежното земјиште и имотно правните односи кои произлегуваат од приватизацијата на градежното земјиште.

Благодрам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодрам го господинот Кокаровски.

Збор има господинот Томе Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Почитувана госпоѓо потпретседател, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги и колешки пратеници.

Сопственоста врз градежното земјиште може да се разгледува од повеќе аспекти, од државни, од правни аспкети, од економски аспекти, социјални, а исто така и од личен т.е. приватен аспект.

Јас во моето излагање ќе се потрудам сите овие аспекти да ги земам во моето разгледување.

Областа на градежното земјиште ја регулира законот за градежно земјиште и практично служи за реализација за правата од градежното земјиште, со што влијае на сопственичката сруктура на градежното земјиште, степенот на реализација на урбанистичките планови, пазарот на недвижности, градежништвото, со еден збор на економско-социјалната сфера.

Досегашните сознанија од примената на законите и другите прописи што ја уредуваат материјата на градежното земјиште, како и од непосредните активности во таа област, даваат можност за критички осврт и иницирање на нови посоодветни и поефикасни решенија, како што е денешниот Предлог за донесување на закон.

Но, што имавме досега и со што се се среќававме?

И покрај тоа што за градежното земјиште постоеја прописи кои можеби на не најсоодветен начин ја уредуваа оваа материја истите со бројни модификации, измени и дополнувања, во изминатиов период придонесоа одредени носители на највисоки функции - неисклучувајќи ги и пониските, да направат разни злоупотреби за лична или партиска корист. Може дури да се направи и подолг список на различни злоупотреби но јас ќе посочам само некои и тоа:

- се фалсификуваа сопственици
- се уништуваа без процедура и докази сопственци и корисници на права од градежно земјиште,
- се правеше масовно кривотворење на катастарските планови и катастарските операти се со цел да се изврши сопственичка трансформација на недвижнините
- се зголемуваа имоти,
- се злоупотребуваа уредбите за доделување на градежно земјиште во сопственост на Република Македонија и се делеше републичката земја безпоштедно,
- се отстапуваше правото за користење на републичкиот имот во поголем размери,
- се издаваа објекти и земја на долгогодишен закуп без надоместок на избрани луѓе.
- се даваше согласност за поставување на времени објекти на градежно изградено земјиште,

- се даваше согласност за поставување на времени објекти на градежно неизградено земјиште без спроведување на постапка за јавно наддавање,
- се даваше доградба на постојни времени објекти на градежно неизградено и изградено земјиште, апсолутно забрането и нерегулирано со пропис,
- се организира јавни наддавања за трајно доделување на градежно земјиште со однапред познати купувачи и свесно скратување на рокот за пријава за учество, најчесто викенд,
- се организира јавни наддавања за трајно доделлување наградежно земјиште со свесно изигрување на граѓаните, за локации кои беа поатрактивни најчесто не беа објавувани во ист ден со поголемиот број на локации, туку беа објавувани наредниот ден како дополнувае кон објавата,
- трајно се доделуваша градежно земјиште со непосредна спогодба на фирми со проформа мешовит капитал, а странската фирма подоцна се откажуваше од локацијата која останувaше во сопственост на домашниот партнер.

Примери за злоупотреби има многу повеќе, но во интерес на времето ќе застанам само на досега наброените, кои се верувам, доволно очигледни за потребата да се преземе нешто во оваа сфера.

Заради елиминација на можностите за злоупотреби, неопходно е процедурите да станат транспарентни и со стандарди и нормативи да се воведе владение на правото во оваа област.

А, каква ни е уставната рамка и кои се можностите?

Земјата како природно богатство е добро од општ интерес за Република Македонија и како таква ужива посебна заштита. Овој уставно-правен третман на земјата треба да се има предвид при сите размислувања. Уставот определува понатаму, дека со закон се уредуваат начинот и условите под кои определени добра од општ интерес за РМ можат а се отстапуваат на користење. Оваа Уставно правна можност е исползувана и при правното уредување на односите во врска со искористувањето на земјата, при што се води сметка за подкатегоријата добра во општа употреба. Законите што ја уредуваат оваа материја се два закона - Законот за градежно земјиште и Законот за земјоделско земјиште, но убеден сум дека најсоодветно е да се има унифициран третман на оваа материја, која треба да биде уредена со еден закон - Закон за земјиште во  кој би се извршила и кодификација на областа. Впрочем, би сакал да истакнам дека не е потребно, во смисла на правната теорија, да постојат различни закони за различни “класи”, на земјиште, на пример,

градежно земјиште, земјоделско земјиште, шумско земјиште итн. Овие клаисификации не служат за ништо друго освен како одраз на распределбата на одговорностите меѓу министерствата во наши услови и не треба да го попречуваат процесот на модернизација на законите. Тенденцијата на законите за недвижнини во правните системи на пазарните економии е секое земјиште да има еднаков третман, без оглед на видот на неговото користење и во нив не постои строга класификација на земјиштето која што ја претпочитаат некои источноевропски системи.

Земјишната парцела е земјишна парцела, таа може да се поседува, да се купува и продава, закупува, заложува, товари итн., и не е важно дали таа е поле или шумско земјиште или локалитет за куќа. Тоа не значи дека не смее да има посебности во рамките на законот но, за повеќето намени еден единствен закон ќе биде доволен.

Сваќам дека Законодавната програма на Владата во моментот, не дозволува време за подготвување закон за земјиште, но мислам дека Владата треба да ја земе во предвид идејата за кодификација на Законот за земјиште како законодавна цел на долг рок.

Почитувани колеги

процесот на приватизација на општествената односно државната сопственост во РМ, во повеќе сегменти е во завршна фаза или е во тек. Динамиката на приватизација покажува дека се работи за повеќегодишен процес и дека истиот зависи од бројот и интересот на субјектите да станат сопственици на становите, претпријатијата или да ја вратат поранешната сопственост како и од Законската регулатива и подготвеноста на надлежните органи да одговорат на тој интерес.

Тргнувајќи од уставната определба дека сопственоста создава права и обврски. Државата како титулар на градежното земјиште што е во нејзина сопственост има неприкосновено право да располага со земјиштето на начин за кој смета дека е најрационален за граѓаните и за државата.

Соственоста врз градежното земјиште се состои од следниве овластувања: поседот или владението употребата или користењето, собирањето на плодови и располагањето. Последново или располагањето значи право на сопственикот, а во нашиот случај државата, да го отуѓи своето градежно земјиште на друг на кој начин неговото право на сопственост врз земјиштето престанува и се пренесува на друг или пак значи засновање на некое право во корист на друг, концесија, долготраен закуп, хипотека, службеност, реален товар итн., при што го задржува правото на сопственост, но се лишува само од некои негови овластувања на пример употребата

или собирањето на плодовите, што е искористено во предметниот Предлог за донесување на закон.

При тоа Репубика Македонија кон градежното земјиште треба да се однесува како и секој друг сопственик со сите права и обврски кои произлегуваат од сопственоста, а на почетокот на моето излагање кажав како таа лошо се однесувала во досегашниот период.

Според Уставот темелот на општествено економскиот систем е приватната сопственост. Оттука, се она што не е потребно за остварување на функциите на државата, треба да биде предмет на приватизација. Во таа насока градежното земјиште кое е во државна сопственост и на кое се засновани разни кориснички права кои државата во други околности и во друг општествено политички систем ги давала на различни субјекти, има потреба да се приватизира. Иако државата како сопственик на градежното земјиште нема уставна обврска да врши негова приватизација, таа со овој Предлог за донесување на закон тоа го прави по своја слободна диспозиција реализирајќи ја и уставната одредба дека сопственоста треба да служи за доброто на поединецот и на државата.

Обидот за решавање на прашањето за приватизација на градежното земјиште по пат на трансформација беше со Законот за градежно земјиште, меѓутоа, со укинувањето на поголем дел од одредбите кои се однесуваат на трансформацијата на правото на користење на градежното земјиште од страна на Уставниот суд на РМ, не постојат повеќе правни можности за спроведување на законот освен во делот кој се однесува на крисниците на градежното земјиште - поранешни сопственици.

До влегувањето во сила на Законот за денационализација односно на Законот за градежно земјиште, градежното земјиште беше во сопственост на РМ. Како резултат на измените во претходниот Закон за градежно земјиште извршени во 1991 година. Пред овие измени градежното земјиште беше општествена сопственост. Измените од 1991 година претставуваат сопственичка трансформација така што градежното земјиште што дотогаш беше во општествена сопственост, стана сопственост на РМ. Ова претставува исполнување на обврската што за законодавецот ја утврди Уставниот закон за спроведување на Уставот.

Врз градежното земјиште во сопственост на РМ, многу физички и правни лица имаат прво на користење. За некои тоа право е затечено од поранешната општествена сопственост а за други е признато со доделување градежно земјиште во сопственост на државата за изградба на објекти по 1991 година. За последниве,

согласно со одредбвите на поранешните прописи неусогласени со Уставот од 1991 година.

Со влегувањето во сила на Законот за градежно земјиште а пред тоа и со влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за денационализација, правото на користење градежно земјиште во сопственост на државата престанува и дефинитивно се отстранува од правниот систем на Република Македонија.

Во поглед на односот помеѓу градежното земјиште и објектот изграден врз него, со намена таму трајно да остане, Законот за градежно земјиште го афирмира начелото за нивно правно единство или објектот е прирасток на градежното земјиште врз кое е изграден.

Во овој момент, во однос на вкупното градежно земјиште, градежното земјиште во државната сопственост е доминантна категорија, бидејќи само дел од градежното земјиште е приватизирано. Во рамките на целокупниот имот кој постои во државата, градежното земјиште е една од највредните категории чии економски ефекти за државата аи за граѓаните можат да резултираат само со негова приватизација. Тоа значи негово најрационално стопанисување пред се во слободниот промет со даночни ефекти од прометот и од правото на сопственост и друго.

Сегашниот сопственички статус на градежното земјиште не ги овозможува потребните економски ефекти и реализирање на темелната уставна определба - слобода на пазарот и претприемништвото.

А што сакаме сега и кои се можните решенија?

Сакаме да имаме еден конзистентен закон кој ќе може да одговори на главните предизвици кои сеј поставуваат во оваа сфера и за кои досега зборував.

А сега за самиот Предлог за донесување на закон.

Поаѓајќи од бројот на г радежните парцеливкупно 132.326 со површина околу 451 милион м2, или 1,75% од површината на државата или 19,54% од непродуктивното земјиште во Република Македонија кои ќе бидат предмет на приватизација, долготраен закуп и времено право на закуп. Евидентно е дека се пристапува кон процес кој по својата природа е обемен, во кој како чинители се јавуваат повеќе субјекти како учесници во постапката за приватизација и тоа: баратели, корисници на градежното земјиште и органи кои решаваат по барањата.

Со овој Предлог за донесување на закон постапката за приватизација е предвидено да биде во надлежност на органот за имотно-првни работи, а постапката

за утврдување на правото на долготраен закуп и за времено право на закуп, во надлежност на органот надлежен за транспорт и врски.

Мислам дека ваквиот начин на дефинирање на обврските на Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски може да создаде само забуни кај граѓаните, па затоа претпочитам дека најдобро ќе биде за сите постапки надлежен да биде еден орган или институција. Брзината и успешноста на приватизацијата, долготрајниот закуп и времената право на закуп е во директна врска со кадровските и финансиските можности на органите вклучени во спроведувањето на овој закон.

Би било добро формирање на Агенција за недвижности по примерот на некои западноевропски држави, задолжена за водење и одржување на недвижностите во државна сопственост која би била автономна и самофинансирачка, па дури и профитабилна, а едновремено да остане одговорна пред јавноста.

Како јадро на истата би можело да биде Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор, вклучувајќи ги и неговите подрачни единици во кои постојат имотно правни одделенија со можното вклучување на соодветен стручен кадар од Агенцијата на РМ, за приватизација и органот за имотно правни работи.

Во дополнение, како субјект кој обезбедува една важна јавна услуга, Агенцијата би морала самата за себе да пропише многу високи стандарди за грижа и задоволување на клиентите.

Како орган кој со податоци за градежното земјиште треба да ги “храни” органот за имотно правни работи и органот за транспорт и врски предвиден во Законот во Предлогот за донесување е Државниот завод за геодетски работи.

И тука ќе направам една дигресија.

Премерот на земјиштето, катастарот и регистрацијата што е предмет на работа на Државниот завод за геодетски работи е област која е од најголемо значење за една земја зашто законитоста и ажурноста во оваа област е фактичка реализација на еден државен суверенитет, контрола на сопствената територија и гаранција за владеење на правото во областа на земјишната сопственост и недвижнините. Оваа област е уредена со Законот за премер, катастар и регистрација на правата за недвижен имот донесен 1986 година. Неговата главна цел беше воспоставување на нов катастар кој би имал екстензивни геодетски и истражувачки функции и нов систем на регистрација на права на неподвижен имот.

Но, напредокот во создавање на националниот премер на земјиште. како на парцелите така и на правата на посед, во овој период е разочарувачки. Крајно бавниот напредок на премерот и катастарот е сериозна пречка за развој на интегриран систем  за регистрација на правата на посед во Република Македонија. Можните купувачи и закуподавци, закупувачи, веќе сега тешко можат да одредат дали една земјишна парцела има добро, јасно и неоптоварено право на сопственост.

Поради тоа, постои забележителна тенденција луѓето да преземаат голем ризик кој што луѓето пак во нивна положба во развиените земји тешко би го прифатиле и би го сметале тоа за неприфатливо. Иако ова, можеби, во минатото не бил голем проблем, ќе стане таков кога ќе се зголеми бројот на трансакции на недвижниот имот. Еден силен пазар на недвижности бара систем на регистрација кој ќе биде што е можно посигурен, поцелосен, працонален и поевтин. Еден ваков систем мора, исто така, да биде лесно достапен за корисниците, без оглед дали тие ги регистрираат своите интереси во однос на земјиште или ги бараат регистрираните податоци.

Тоа беа проблемите на кои се осврнуваше проектот на ФАРЕ од 1997 година за Земјишна политика и катастар. Но, за жал, истиот после реализацијата на првата фаза од проектот, изготвување на Законот за градежно земјиште, втората фаза од истиот проект изготвување на нови законски решенија за премер, катастар и регистрација на права на недвижности се напушти во 2000 година, не знам намерно или ненамерно, со што се изгуби една голема можност за средување на состојбите во оваа исклучително важна област за државата.

Сепак, сметам дека институциите и постапките ќе мора да еволуираат за да ги задоволат барањата што ќе произлегуваат од оваа транзиција, што неминовно не навраќа на потребата од нови законски решенија за премер, катастар и регистрација на права на недвижности и тоа во најкраток можен рок.

И сега, пак да се навратам на Предлогот за донесување на закон.

Во главата 3) Надомест за приатизација, дадени се поволнисти при плаќањето на приватизацијата кога истата се врши со обврска за надомест. Поволностите се даваат во можноста за плаќање со денари или со обврзници во целост или на рати, а ратите се годишни и можат да изнесуваат до 40.

Тука би предложил и дополнување на законското решение, да се даде можност за плаќање и со конвертибилни сертификати, за што верувам ќе ме поддржи и претседателот на Собранието од пропаднатите штедилници ТАТ, АЛФА - С, Џамаданчи и тн., со што практично на пазарот на хартии од вредност нивната

вредност ќе се покачи од сега, за жал, девалвираната вредност од околу 21% моментално од номиналната вредност.

Доколку пак надоместот се плаќа во целост, а јас би додал и во готово, Владата на Република Македонија може условите да ги направи уште поприфатливи, односно за земјиштето да определи попуст до 70% од утврдената вредност на градежното земјиште што е за поздравување, ако се има предвид пред се материјалната положба на граѓаните поради која државата изразува подготвеност, цената и условите за надоместот да ги приспособи и ги направи достапни за граѓаните со тоа што да возможи прифатлива приватизација на градежното земјиште, она што го кажуваше и заменикот на министерот. Висината на надоместокот за градежното земјиште што е предмет на приватизација е во зависност од местоположбата на земјиштето, намената на земјиштето, начинот на плаќање и можноста за стимулативни цени, што ги определува Владата.

Во Владата 4) Правото на долготраен закуп и времено право на закуп, правото на користење да продолжи во вид на долготраен закуп во траење од најмалку 10 а најмногу 99 години, не знам дали пропишување на долната граница е соодветно, со оглед на тоа што во Законот за градежно земјиште таква граница нема.

Во главата 5) Право за времено ослободување од обврска за плаќање надомест, тргнувајќи од уставната определба за грижата на Република Македонија за социјална заштита и социјална сигурност на граѓаните се предвидвуа право на времено ослободување од обврската за плаќање на надомест за градежно земјиште но само за лица кои со акт на надлежен орган стекнале статус на корисници на социјална помош, што е за поздравување, имајќи во обзир социјалната положба на голем број на наши сограѓани.

Во главата 6) Постапка за приватизација, долготраен закуп и времено право на закуп - Законот предвидува приватизација на градежното земјиште да се спроведе во рок од една година од денот на влегување во сила на законот. Приватизацијата се врши по иницијатива т.е. по барање од носителот на правото на користење. Рокот од една година за носителите на правото на користење не е инструктивен, туку тој рок е задолжителен. А, доколку не се иницира од носителот на правото на користење, се поведува по службена должност постапка за востановување на право на долготраен закуп на градежно земјиште, но на кој временски рок, не е определено во законот, што мислам дека треба да се пропише.

Оваа постапка ја оправдуваат и налагаат неколку причини:

1. За да се обезбеди реализација на основната порака на ЗГЗ во поглед на обезбедување единство на сопственоста на градежното земјште и објектот изграден врз него, при што доминантна позиција има сопственоста врз земјиштето;

2. Да се воведе ред во евиденцијата на правата на недвижностите, а особено во поглед на градежното земјиште што сеуште се води како сопственост на др1жавата;

3. Дефинитивно да се имплементира елиминација на правото на користење на градежно земјиште во сопственост на државата од правниот систем на Република Македонија и

4. Да се остварат финансиските ефекти од трансформацијата, што се искажуваат како цена на градежното земјиште во сопственост на физички лица, односно закупнина од долготрајниот закуп врз градежното земјиште во сопственост на државата во корист на физички и правни лица, како и да се остварат и даночни ефетки искажани во плаќање на данокот.

Во главата 8) Преодни и завршни одредби, е пропишано дека додека се одвива процесот на приватизација и се утврдуваат правата на долготрајниот закуп и закупот прометот на станбените и деловни објекти мора да се врши и тој не може да се спречи и покрај тоа што приватизацијата на градежното земјиште не е извршена или не се утврдени правата на долготраен закуп. Затоа се предвидува преодно решение додека не се изврши приватизација, правото на користење на градежното земјиште да може да се пренесува како и до сега, но само со преносот на објектот што е ставен во правен промет. Мислам дека многу поефикасна беше законската норма од Законот за градежно земјиште според која оутуѓвањето на објектот се врши со оутѓување и на градежното земјиште, но после извршената приватизација на земјиштето.

Во оснвоа, Предлогот за донесување на закон за приватизација на градежното земјиште е добар текст, но со непотребно повторување на одредени решенија превземени од други закони и експликации го прави законот опширен, што се надевам за наредната фаза на Нацрт-закон ќе биде корегирано.

Драги колеги,

Земјиштето и зградите се типично нашите најголеми и најзначајни средства и се витални за инвестициите. Тие се главната компонента при лоцирањето на странското директно инвестирање и при обезбедување на кредити преку хипотеки. Недостатоците на пазарите за земјиште и недвижен имот кај економиите во транзиција, вклучително и во Македонија, во овие клучни аспекти се потврдени во

многу извештаи. Недвижниот имот е критичен за македонската економија, како и за било која друга економија. Економски ефикасната употреба на недвижниот имот треба да произлегува од:

- цврста законска рамка во релевантната област,
- ефикасни пазари кои се подобрени од аспект на довербата, кои произлегуваат од транспарентните пазарни механизми како и расположивоста на стручно знаење и совети,
- позитивно раководење со ресурсите на недвижен имот.

Оставајќи ги пазарните сили да ја одредат сопственоста, корисникот и, обично во зависност од планирањето и третирањето на животната средина, употребата на земјиштето и зградите, му овозможува на механизмот на цените на пазарот да ги придвижува економските ресурси на земјиште и згради кон неговата највисока и економски најефикасна употреба. Важно е да се признае дека функционирањето на пазарот мора да биде разновидно и флексибилно за да се постигне оваа цел. Пазарите на земјиште и недвижен имот се развиваат особено во станбениот и трговскиот сектор од аспект на продажба и изнајмување, а во нешто помал обем во земјоделскиот и индустрискиот сектор. Меѓутоа, типичната ситуација и понатаму претставува неизвесна и непогодна законска рамка, вклучително и тешкотиите околу докажувањето на правото на недвижниот имот, нетранспарентни и често пати неорганизирани пазари, како и недостиг на соодветно квалификувани стручни лица кои ќе советуваат во врска со вредностите и трансакциите со недвижниот имот.

Важноста на позитивното раководење со недвижниот имот, како средство е исто така се повеќе признавана во развиените пазарни економии, во контекст на сопственоста во приватниот сектор како и кај недвижниот имот, кој што е во сопственост на Владата, а со кој што раководат министерствата и владините агенции. Поттикнувањето на реализацијата на овој аспект кај економиите во транзиција е важно за подобрување на економски ефикасната употреба на недвижниот имот.

И да заклучам, почитувани пратеници,

Градежното земјиште во целост е добро од кое добро полза остварува неговиот сопственик, но и државата. Земјата, а особено градежното земјиште, како добро и предмет во сопственост на државата или на други субјекти “многу дава а малку бара”. Од земјата, а особено од градежното земјиште во целиот тек на историјата на цивилизацијата остварувале корист и нејзините сопственици и државата. Затоа, ова добро, овој предмет на правото на сопственост има цена и таа

е меѓу највисоките цени на добрата, на предметите на правото на сопственост. За земјата ќе мораат и понатаму да се плаќаат соодветни давачки. Поради тоа основна грешка на претходниот систем беше во занемарувањето на природните и цивилните предности што ги дава земјата. Во тој поглед е неопходно хируршка интервенција: да престанат привелегиите, но и да не се дозволат узурпациите на земјата.

Врз основа на изнесеното ќе го поддржам Предлогот за донесување на законот за приватизација на градежното земјиште.

Ви благодарам на трпението и вниманието.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ви благодарам.

Збор има господинот Абдулаќим Адеми.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани претставници на Влада и колеги,

На почеток сама да нагласам дека ние како парламентарна група оценуваме дека постои потреба од донесување на овој закон и оваа материја да се регулира по пат на закон. Нашето оценување е дека приватизацијата на градежното земјиште е тежок процес, колку што е тежок толку е и комплексен, меѓутоа е процес што е потребен, затоа што е во согласност со ангажирањата на Владата за продолжување на процесот на реформи кои што и ние го поддржуваме.

Меѓутоа, нашите дилеми се во аспект на дефинирање на институциите што ќе бидат компетентни и ќе се ангажираат во овој процес, значи во процесот на приватизација на градежното земјиште. Врз основа на законот што се предлага денеска, носител на оваа активност е Министерството за фунансии, односно Управата за имотно правни прашања. Меѓутоа, ценам дека без помош и придонес на Министерството за транспорт и врски не може да има ефикасно приватизирање и успешно приватизирање. Затоа соработката или директното вклучување на Министерството за транспорт и врски во овој процес е неопходно. Во спротивност се сомневам дека може да се постигне целта.

Јасно е дека се зборува за регулирање на имотот кон градежното земјиште. Меѓутоа, само со Управата за имотно правни прашања не може да се регулира ова и не може да се прескокнат органите на Министерството за транспорт и врски, како што се Заводот за геодетска управа - Катастарот, потоа урбанистичките планови што се подготвуваат исто така во Министерството за транспорт и врски.

Бидејќи во текот на оваа процедурта ќе се опфатат голем број на градежни парцели, како што се нагласи, околу 132.000, а во текот на процесот на приватизација ќе се покаже потребата од покажување многу документи што се предвидени во процесот на приватизацијата, каде што лицата кои се заинтересирани ќе треба да се “малтретираат” од управа до управа или да шетаат по други места, цениме дека целава процедура треба да се поедностави до максимум.

Мислам дека сето ова треба да се гледа и од аспект на извлекување инвестиции и овој процес на приватизација на градежно земјиште да не влијае негативно кај инвеститорите, посебно кај заинтересираните инвеститори од надвор, странските инвеститори.

Во овој процес, исто така, треба да се дефинираат компетентностите на локалнта власт во текот на приватизацијата на градежното земјиште, бидејќи законот се предлага да помине во три фази, со што се дава можност забелешките и дискусиите овде и јавните дискусии и текстот на овој закон да се подобри, така што ќе се земат предвид и забелешките.

Нашите забелешки во однос на тоа што на Владата се дава можност во случај на потполна компензација да овозможи смалување до 70%. Мислам дека со ова се дава простор за злоупотреба и можност за постоење на привелегирани и дискриминирани. Имаме уште неколку други забелешки, меѓутоа како што реков бидејќи законот оди во три фази, ќе го дадеме нашиот придонес во другите фази.

Уште еднаш ќе нагласам, бидејќи законот има реформаторски карактер и е во согласност со курсот на реформите на Владата, ние ќе го поддржиме овој закон.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има госпоѓа Лилјана Иванова.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВА:

Благодарам госпоѓо потпретседателке.

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници, колешки пратеници, почитувани претставници на Владата,

Од осамостојувањето на Република Македонија до денеска се одвива процесот на трансформација на општествената сопственост во државна и приватна. Најголем дел од процесот е во завршна фаза, како што е приватизација на општествените станови или е пак во тек, како што е процесот на

денационализација. Секако дека процесот на трансформација можеше да се одвива побрзо и со поголем ефект, но тоа зависеше од повеќе фактори. Најмногу од неподготвеноста пхрабро да се навлезе во реформите на системот, но не е за занемарување ниту конфликтот на интереси на поедини субјекти, за што сега нема да се навраќам.

Со тоа прашање ќе се занимаваат современите аналитичари, дали можеше поинаку да се одвива процесот на трансформација на сопственоста.

Пред нас денеска се наоѓа предлогот на закон за приватизација на градежното земјиште, кое ја опфаќа чувствителната свера на имотно-правните односи кои области ја покриваат повеќе институции: Управата за имотно-правни односи, Министерството за транспорт и врски, Државниот завод за геодетски работи и токму ефикасноста на овој процес ќе зависи од координираноста на сите овие институции.

Комплексноста и чувствителноста во оваа сфера уште повеќе го потенцира значењето на овој закон и фактот дека приватната сопственост претставува темел на општествено економскиот систем утврдено со Уставот на Република Македонија.

Во 1991 година градежното земјиште во општествена сопственост е како непостоечка неуставна категорија со измените на Законот за градежно земјиште кое ќе се трансформира во државна сопственост, а граѓаните се појавуваат како корисници на градежното земјиште.

Во постојниот Закон за градежно земјиште, приватизацијата е решена по пат на трансформација решено од член 49 до член 67. Но со укинување на одредбите од страна на Уставниот суд на Република Македонија можност за приватизација е возможно само за поранешните сопственици корисници на градежното земјиште, а за останатиот и поголем дел .

Од градежното земјиште не постојат правни можности за приватизација на истото. Од вкупното градежно земјиште кое не е приватизирано земјиштето во државна сопственост е доминантно но и од целокупниот имот на државата градежното земјиште е едно од највредните категории на кои се засновани разни кориснички права.

Нема да ги коментирам сите решенија на предложениот закон, но ќе се осврнам на позначајните. Основните решенија на овој закон се можноста за преминување на правото на сопственост на градежното земјиште од државно во приватна сопственост за домашни физички и правни лица. Правото на долготраен закуп и времено право на закуп. Заради сложеноста и чувствителноста на постапката на приватизација ќе се врши согласно Законот за општа управна

постапка, а заштитата на државниот интерес ќе го врши Јавното правобранителство на Република Македонија.

Постапката за приватизација на градежното земјиште ја покренува корисникот во рок од една година од денот на влегување во сила на законот, а после тој рок по службена должност ќе покрене постапка за средување на права на долгораен закуп на градежното земјиште надлежниот орган.

Лично сметам дека  во овој дел ќе бидат поголем дел од проблемите на примената на овој закон, имајќи ја предвид неинформираноста на граѓаните за што е потребна поширока кампања од страна на институциите. Исто така би ја нагласила кадровската , техничката опременост и финансиските можности на органите задолжени за спроведување на овој закон. Огромниот број на предмети кои треба да се обработат ќе бидат фактори кои ќе влијаат на динамиката за приватизација на градежното земјиште, имајќи го во предвид рокот од една година. Затоа апелирам Владата да размисли во контекст на овие решенија.

Во членот 78 се допрецизира Законот за денационализација во кој градежното земјиште на кое постои користичко право не е предмет на деценализација. Трансформациајта на сопственоста на сопственото земјиште ќе значи најрационално стопанисување, ќе овозможи слободен промет и претприемаштво, ќе ги елиминира злоупотребите на државното земјиште за кое што доста зборуваше колегата Тромбев.

Со Законот за приватизација на градежното земјиште се дифинира една многу значајна сфера, не само од аспект на дефинирање на сопственоста, туку и од аспект на инвестиции, претприемаштвото во градежништвото, но останува системски да се уреди законската регулатива, за планирањето и изградбата на просторот во еден систем на законски проекти кои ја регулираат областа на градежништвото и инвестициите.

Од сите наведени причини го подржувам Предлогот за донесување на законот за приватизација на градежното земјиште и пратеничката група на ЛДП ќе гласа за овој предлог.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитувана потпретседателке, почитувнаи колеги, претставници на Влада,

Од тоа што слушнавме од експозето на заменик министерот и од неколку дискусии кои што беа доста содржајни и информациите кои што ги добивме и од една дискусија иако долга, но за нас многу вредна од г-динот Тромбев дефинитивно разбирам и јас кој што сум слаб познавач на оваа проблематика и сакам да кажам неслучајно сум слушнал еден збор, една реченица секогаш од граѓаните и од народот велат вината е на државата. Земјиштето е на државата. Со ова сакам да кажам дека кога имаме 132 илјади парцели кои што не се приватизирани , или 450 милиони  хектари, доаѓаме до заклучок дека е неопходен еден предлог во фаза на донесување на ваков закон.

Се радувам посебно што овој закон се обидува на некој начин со одредби да дефинира и одговорности кои на некој начин заинтересираниот граѓанин  за купување или во овој процес на приватизација на градежното земјиште на некој начин да не се збуни како што рече колегата Абдураким дека шетајки по шалтери еден ден ќе се биде принуден да узурпира и против неговата желба земјиште и д апроизлезе проблеми од разни причини во оваа област.  Самите институции добро е да ги одредат надлежностите, како што е Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски и сите управи и другите институции кои ќе помогнат во овој процес, што според мое мислење не е лесен процес затоа што се надоврзуваат на овој многу интересен во однос и на институциите и на граѓаните, односно на граѓанинот евентуален сопственик на приватизираното земјиште.

Исто така, по мое мислење треба да се посвети значајно во текот на различните фази на овој закон, треба да се посвети значење на информирањето и на поедноставувањето на процедурите и ми се допаѓа тоа што го кажа колегата Тромбев добро е да се разгледа можноста за формирање на една агенција за недвижности, односно за недвижен имот, како што има во некои современи земји и на оваа работа да се посветиме со голема сериозност. И на крајот, како што тоа го кажав претходно дека правото на имот треба да се направи како што се предлага со овој закон и сите на одреден начин да го дадеме својот придонес, да го направиме тоа што треба да се направи , а ова во законот во прва фаза  со сите овие интервенции, со сите овие забелешки кои ги прават оние кој ја познаваат оваа област, мислам дека треба да се продолжи со процедурата и набргу да имаме еден закон, кој ќе ја помине последната фаза тука и д аимаме еден закон кој ќе биде во интерес на граѓаните и се разбира, на државата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван потпретседателке, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Понудениот предлог на закон за приватизација на градежното земјиште, сметам дека е една добра основа за исполнување на одредбите од Уставот во однос на дефинирањето на сопственостите, каде што сопственичките права во голем дел им припаѓат на носителите на тие права, а тоа се физички или правни лица, а што помалку државата.

Предлогот е една добра оснвоа со која што има место и е сериозно изработено и дава основа ние како пратеници во дискусијата по овој закон да дадеме добар придонес, онаму каде што согледуваме дека може да се догради законот уште по прецизно.

Јас не би одел по глави или по членови, вака би укажал на неколку мои видувања и забелешки кои ќе бидат од корист на предлагачот доколку се цени дека истите има место да влезат во наредната фаза на законот.

Сметам дека е потребно најнапред да се дефинира во една подобра мера кој ќе ја спроведува оваа работа дали Министерството за транспорт и врски во кое што сепак треба да има посебен орган од сите подрачни министерства, кои што исклучиво ќе се занимаваат со таа работа, бидејќи ќе има потреба од консултирање и додирни точки со други органи, како што е Катастарот, Урбанизмот од локално ниво. Сметам дека треба исклучиво да има тело кое што ќе ја врши таа работа, бидјеки обемот на работата е прилично голем.

Потоа би сакал да укажам начелно дека е корисно предлагачот во наредната фаза да поразмисли пооднос на дадените предлози, како што е наведено тоа градежно земјиште да се понуди на продажба, а доколку не биде прифатено ќе се прави договори за закуп од подолг временски период.

Во тој дел би сакал да укажам дека ќе има тешкотии по однос на градежното земјиште од станбени објекти каде што има со коришништво, каде што има пвоеќе граѓани во еден станбен објект, каде што живеат 50 или 100 семејства и кога би се дефинирало тоа градежно земјиште од објект и дворно место, кое што сепак не претставува некоај голема површина во тој дел би требало да се оди, доколку се појави интерес на дел од граѓаните од тој станбен објект да го купат градежното

земјиште, да има некоја законска форма која што ќе ги принуди и другите граѓани кои што биле сокорисници на тоа право, бидејки ќе дојде во многу лоша состојба таа една парцела да биде сопственост на одредени граѓани, дел од истата , дел од таквата парцела ќе остане повторно во сопственост на државата.

Во тој дел сметам дека треба законот да биде по дефиниран, по чист и по јак да има дури и принуден начин на кој да го отплаќат тие граѓани, бидејки закупот исто така ќе има некоај вредност на закупнина која што за некое време може да го отплати тоа земјиште, бидејки би припаѓало на едно семејство , веројатно по 20 или 30 квадратни метри, што може во тој дел граѓаните да го платат.

Исто така би сакал да укажам за дел каде што државна сопственост на земјиште кое што не е изградено, а е на некој начин стекнато корисничкото право некој граѓанин без акт на било каков орган, односно по пат на узурпација, таму да нема место за склучување на било какви договори за закуп, или продажба. Тоа треба во посебна глава тој дел да се дефинира и тоа исклучиво би требало да оди на пазар. Доколку има на таквите парцели изградено објекти дива градба, доколку не може истото да се легализира во урбанистичките планови, исто така и тоа д ане можат граѓаните да го користат туку да дојде на пазар, бидејки таквиот објект е под удар на урбанистички план. Толку би имал само во тие два дела каде што иамм некои мои видувања и оставам предлагачот да размисли за истиот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следнито заклучок.

1.Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за приватизација на градежното земјиште.

2.Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави нацрт на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3.Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и Стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 74 пратеници од кои 73 за, и 1 воздржан.

Констатирам дека Собранието го усвои предложенито заклучок.

Преминуваме на Седмата точка од дневниот ред - Предлог на декалрација за подршка на Повелбата за партнерство меѓу Република Македонија, Република Албанија , Република Хрватска и САД, Јадранска повелба.

Предлогот на декларацијата и Извештајот на Комисијата за надворешна политика Ви се доставени.

Отворам претрес по текстот на Предлгоот на декалрацијата.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Андреј Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани дами и господа пратеници, колеги и колешки, почитувнаи претставници на Владата,

Во интерес на времето ќе гледам да бидам што е можно пократок. Особена чест ми претставува од име на предлагачите денеска да ја образложам потребата од донесување на декалрација од страна на Парламентот на Република Македонија, односно можеби по прецизно зошто е потребно токму Парламентот да ја подржи во вид на декалрација таканаречената Јадранска повелба.

Како што е познато на 2.05. оваа година, потпишана е Повелбата за партнерството меѓу Република Македонија, Република Албанија, Република Хрватска од една страна и САД од друга страна, што несомнено, според нас претставува клучен чекор на Република Макеоднија кон една целосна интеграција во евроатланските или трансатланските структури, што всушност, како што е познато претставува и една стратешка цел. Воедно, несомнено претставуваат и чекор поблизу до заложбата за една конечна стабилизација на целиот регион, не само на Република Македонија, се разбира, посебно од аспект на безбедноста. Зошто Парламентот, зошто токму оваа декалрација. Битно е, па дури и неопходно е еден ваков исклучително битен проект, да добие подршка , потенциран , а тоа и со задоволство ќе го кажам, според Уставот највисоката државна институција.

Владата, односно Министерството за надворешни работи ја потпиша оваа Декларација, што е несомнен успех меѓутоа консензусот кој што треба да го демонстрираме, посебно денеска за нашата желба да членуваме во овој аспект во НАТО, навистина е огромна, и мораме да потенцираме дека токму тој консензус може да го демонстрира не Владата, туку Парламентот на Република Македонија.

Имено, повеќето членови на Парламентот , пратеници, посебнооние кои што членуваат во Комисијата за надворешни работи се сведоци дека многу пати во разни посети ни доаѓаат претставници од Меѓународната заедница, кои што прилично со голема скептичност, некогаш не прашуваат дали ние во Република Македонија конечно имаме консензус помеѓу релевантните политички партии во Република Македонија за ова прашање.

Доколку го поддржиме овој предлог, ја поддржиме оваа декларација, а несомнено сметам дека тоа и ќе се случи,тогаш можам да кажам дека навистина завршуваме со оваа точка. Конечно завршуваме со она што се нарекува дали сите ние во Република Македонија како политички релевантни субјекти, посебно ние во Парламентот ја поддржуваме интеграцијата на  Република Македонија во НАТО. Исто така можеме да кажеме конечно господа еве ви ја декларацијата, оваа точка за нас е антиципирана, апсоловирана, ние одиме понатаму, ние одиме кон конечно зачленување во НАТО. Се разбира отворено треба да се продискутира, очекуваме тоа зачленување да се случи 2006 година, а 2004 година да добиеме конкретна покана.

Од друга страна сметам дека и во самиот текст на декларацијата тоа јасно го кажуваме, бидејќи сами себе си даваме обврска дека на тоа поле ќе работиме.

Од друга страна мора да биде јасно дека многу значајно место во целиот овој процес што е веќе започнат треба и мора да го имаат парламентите во државите партнери. Повелбата како резултат од исполнување на обврските на организационата фаза во овој период бара интензивирање на меѓусебната соработка помеѓу потписничките на оваа декларација, но и реализација на обврските и утврдување на роковите кои ние посебно би ги почиувале.

Овој Парламент има и многу битна законодавна контрлна надлежност што значи дека ние мора секјодневно да ја потсетуваме извршната власт да ги почитува роковите, да ја почитува онаа заложба што ја преземала со потпишување на оваа декларација, односно во имплементирањето на заложбите од Јадранската повелба.

Понатаму, би сакал повторно да потенцирам дека Парламентот и само Парламентот е орган на граѓаните и оттаму доколку донесеме со консензус една ваква одлука тоа всушност би значело изразување на политичката волја на граѓаните за зачленување на државата во европските и евроатланските структури.
Според оваа агенда што е усвоена и планирано вклучување на парламентите во операционализација на она што се нарекува ставови од декларацијата, како што знаете бевме доста активни како Парламент, тука посебно би сакал да изразам

честитки до Комисијата за надворешни работи,уште повеќе до претседателката на средбата на трите парламнтарни комисии за надворешни работи, понатаму следи средба на претседателите на собранијата на Република Албанија, Република Хрватска и Република Македонија. Оттаму сметам дека многу посилна ќе биде нашата позиција, односно јасно изразен став доколку овој Парламент со консензус донесе една ваква декларација.

Кога се појави иницијативата за донесување на една декларација и до мене допреа скептичните ставови од друга страна од наши кругови дека оваа декларација можеби е непотребна, меѓутоа мошне брзо по едно наше задоволство ја добивме и веста дека и претставничкиот дом на Конгресот на САД донесе одлука да ја поддржи декларацијата односно Јадранската повелба.

И уште повеќе од тоа, она што посебно сакам да го потенцирам, што е наведено во образложението на декларацијата сметам дека и како политичари и како власт и како позиција и како медиуми навистина пропуштивме два мошне битни моменти кои ги содржи текстот на Јадранската декларација.

Имено, САД се посветуваат да ја гарантираат, да ја поддржат независноста, сигурноста и што е мошне битно, територијалната целовитост на земјите потписнички. Во превод тоа значи сите оние кои што заговараат поделби, кои што имаат големо државни проекти ова е порака дека такви проекти нема да се поддржуваат и она што сакам посебно да го потенцирам и денеска преку љубезниот претставник од амбасадорот во Скопје го добив и оригиналниот документ, она што го донесе претставничкиот дом на Конгресот. Сакам да потенцирам дека не меѓународниот кризен суд, туку ова е првиот документ кој што го потпишавме под уставното име односно САД го потпишаа под уставното име и мене сеуште не ми е јасно зошто ние не обрнавме внимание на тоа, бидејќи тука јасно и гласно пишува Македонија.

Почитувани дами и господо, во интерес на времето од име на предлагачите и од име на Комисијата за надворешни работи, како известител најтопло препорачувам да ја усвоиме оваа декларација. Со тоа ќе се потврди одамна кажаниот став дека со имплементирањето на Јадранската повелба Македонија ја има лидерската улога, а сега веќе со нивно вклучување на Парламентот таа лидерска улога ќе остане до крај.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги сега е 17,04 минути и имаме двајца пријавени, дали се согласувате да завршиме со дискусијата и да гласаме.

(Да довршиме и да гласаме)

Во ред.

Има збор господинот Слободан Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Убеден сум дека оваа декларација ќе ја усвоиме едногласно, прво заради тоа што иницијаторот доаѓа од редот на владеачката коалиција, а потоа што ние сме доследни на нашата стратешка определба. И во времето на периодот кога правевме коалиција на власт, како и сега Македонија да ја видиме безбедна, интегрирана во НАТО и составен дел на нашиот заеднички дом, а тоа Европа и Европската Унија.

Оттаму, како еден аргумент плус во она што претходниот говорник го загатна како прашање дали во Македонија постои политичка волја, јас мислам дека оваа декларација е и повеќе од потврда дека ние сме свесни за потребите на нашите граѓани и нивниот примарен интерес, па прво, тој го исполнуваме, а дури потоа исполнувајќи го него ги достигнуваме стандардите кои ќе не вклучат и во НАТО и во Европската Унија. Тоа е безбедноста на нашата држава, нејзините економски реформи и интеграцијата во Европските Заедници.

Република Македонија  е меѓу првите во регионот која упорно наспроти сите можни забелешки од другите наши соседи се залага за овој концепт на колективна безбедност. Без него ние не ќе можеме да ја гарантираме политичката стабилност што денеска ја гледаме и во овој наш Парламент и во низата вакви одлуки што сме ги усвоиле, кои имаат стратешко значење, но и од другите закони, како тие денеска што поминаа, каде што навистина и покрај целата расправа свесни за интересот на нашите граѓани ги усвоивме. Сето тоа ќе биде невозможно ако Македонија и натаму е сама и ако Македонија и натаму е поместена во еден регион кој историски недоразбирање го потресуваат и го прават критичен. Оттаму не сам што САД направија голем гест потишувајќи го документот за нашето уставно име, тие покажаа и нешто друго кое треба безброј пати да се споменува овде, бидејќи со тој гест го надминаа декларативното во стратешкото партнерство што ни го нудат нас а тоа е гарантирањето на територијалната целовитост на нашата држава и на сите наши соседи. Прво, како темел на колективната безбедност и второ како главен услов за влегување во Северoатласкиот пакт кој прераснува, најверојатно 2004 година кога ќе бидеме поканети, а 2006 кога ќе влеземе во него од воен договор во политичка асоцијација и безбедносен систем, каде што стабилноста на нашиот континент ќе се темели на солидарни придонеси, а ние дотогаш со овие перфонанси на ова

Собрание ќе докажеме дека од земја која досега го црпела главниот ресурс на НАТО безбедноста ќе бидеме способни да придонесуваме.
Тоа ќе го сториме многу брзо и од тоа име Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе гласа за оваа декларација. но над се заради тоа што ги цени интересите на македонските граѓани и заради тоа што ова дел од нашата стратешка определба.
ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор госпоѓа Каролина Ристова.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Почитувана госпоѓо потпретседател на Собранието, почитувани колеги и колешки,

Јас навистина ќе барам за оваа значајна точка на Собранието уште малку внимание, бидејќи мојата намера е да го изнесам ставот на Пратеничката група на СДСМ. Ние ќе гласаме за поддршка на декларацијата, за поддршка на повелбата за партнерство меѓу Република Македонија, Република Албанија и Република Хрватска.

Оваа декларација сметаме дека ја изразува основната стратешка цел на надворешната политика на СДСМ, а мислам дека во тој поглед постои консензус и во однос на сите други политички партии и фактори во Република Македонија, а тоа е интеграцијата во НАТО и Европската Унија. Притоа би сакала да истакнам три основни аспекти, кои што се и главните причини кои што и даваат тежина и на повелбата а која што тежина потоа ја рефлектираат на декларацијата за поддршка која што ние денеска ќе ја изгласаме.

Прво, секако е уставното име на Република Македонија, користењето на уставното име во Повелбата. Сметаме дека тоа е мошне значајно, Собранието покрај другите политички форми и изрази на поддршка што беа дадени пригодно при склучувањето на Повелбата сепак Парламентот како највисок претставнички дом на граѓаните и законодавна власт на македонската држава треба да даде дополнителна политичка тежина на овој факт со донесувањето на оваа декларација. На тој начин да упати од највисоко политичко ниво политички сигнал колку ние, македонската држава, македонската нација го цениме ваквиот гест на нашите партнери.

Втората причина е секако истапувањето на регионалната соработка во Повелбата а исто така рефектирано и во самата декларација, односно дека за стабилноста и безбедноста на територијалниот интегритет на државите во регионот значаен сегмент на нивното обезбедување е токму таа регионална соработка. Во таа смисла СДСМ смета дека со нашата поддршка ќе го изразиме нашиот став дека тоа

е всшност и нашето убедување, дека регионалната соработка е клучна во постигнувањето на стабилност во регионот.

Посебно во оваа смисла го цениме и она што го истакнаа претходните соговорници, а тоа е заинтересираноста и политичкиот влог на САД во обезбедувањето на стабилноста на регионот.

Трета работа која што ние сметаме дека е мошне значајна е од причина, за прифаќањето на декларацијата односно за нејзино поддржување е тоа дека во декларацијата е јасно изразен ставот на сите парнтерски држави дека при стапувањето на нашите држави во НАТО и Европската Унија не се спротивставени и противречни цели, напротив тие коренсподираат една со друга. Всушност, политичките критериуми за членство во НАТО, како што е демократски политички систем, безбедносен потенцијал, владеење на правото, почитување на човековите права и правата на граѓанинот се всушност политички критеруми за зачленување во Европската Унија.

Значителен дел од државите кои што се членки во НАТО, се и членки на Европската Унија, па оттука нашата основна поента во оваа смисла би била дека овие две цели не се спротивставени и во оваа смисла СДСМ високо го цени фактот дека ин надворешната политика на САД ја поддржува ваквата наша определба и ја изразува на еден ваков начин, политички начин како што е потпишувањето на Повелбата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор госпоѓа Теута Арифи.

ТЕУТА АРИФИ:

Госпоѓо потпретседател, почитувани колеги пратеници,

Мислам дека и парламентарната група на ДУИ и следи право да се изјасни во однос на оваа значајна декларација.

Парламентарната група на ДУИ ја поддржува декларацијата за поддршка на договорот меѓу Албанија со Македонија и со САД. Причините се следните:

Нашите интереси се за што побрза интеграција во НАТО. Ова е дел на нашата политичка програма, нашите приоритети, затоа што сметаме дека преку интеграцијата во НАТО ние ќе постигнеме да изградиме стабилност, демократија, вредностите на еднаквост и сите оние вредности кои што мислиме дека е време да ги одразуваме и ние.

Втора причина која ние сакаме да ја истакнеме како подршка да декларацијата е дека во процесот и надворешната политика ние високо го цениме ангажманот и

улогата на Парламентот. Сметаме дека Парламентот може да игра значајна улога токму во изградбата на надворешната политика и ние како Парламент, посебно како парламентарна комисија за надворешна политика ова го имаме докажано и со самиот факт дека пред еден месец организиравме трилатерална средба на комисиите за надворешна политика на Македонија, Албанија и Хрватска, на која уште еднаш ги потврдивме овие консензуални ставови кои неколку пати ги има искажано и овој Парламент. Затоа мислам дека и во иднина Парламентот ќе треба да продолжи и натаму со оваа активност на позитивно влијание врз димензијата на надворешната политика.

Второ, да изгради едно позитивно мислење во јавноста што се однесува до високото партнерство што нашата земја треба да го изгради со НАТО.

Поаѓајќи од овие вредности уште еднаш сакам да истакнам дека Парламентарната група на ДУИ ќе ја поддржи оваа декларација.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Мислам дека е оправдано да го реафирмирам како пратеник на ПДП ставот односно поддршката во однос на оваа декларација предложена од страна на пратениците на најголемите партии претставени во Парламентот, затоа што сум убеден дека ова е многу добра работа и треба и ние како парламентарци да го поддржиме ова партнерство меѓу Република Македонија, Албанија, Хрватска со САД односно Јадранската повелба. Дефинитивно на афирмативен начин и ние како Парламент треба да го дадеме нашиот придонес и да ги отфрлиме сите оние резерви кои што се јавуваат понекогаш односно со кои се кажува дека и членството во НАТО и со оваа Јадранска повелба воопшто не не одалечува од она што значи европска интеграција, туку по мое мислење тука имаме нешто кое е сосема комплементарно во насока на зачленување во НАТО, што значи стабилност во државата и регионот, а ова е реченица која се повторува и од раководството на Европската Унија кога велат дека стабилните земји, стабилните региони побрзо можат да се интегрираат во Европската Унија.

Уште еднаш повторувам дека ја поддржувам оваа декларација.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот на декларацијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 68 пратеници и сите гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Декларацијата за поддршка на Повелбата за партнерство помеѓу Република Македнија, Република Албанија, Република Хрватска и Соединтите Американски Држави, таканаречената Јадранска повелба.

Истовремено ве известувам дека продолжуваме со работа утре во 10,00 часот со оваа седница, а по завршување на оваа седница продолжуваме со 30-тата седница по преостанатите точки.

Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,15 часот).